# КАКА



# КАКА

Кака број 3




Замина и загина,заврши со се што знаеше
"Одобрено е"-така го научија
"Брани го твоето иако не си сопственик,
твоето е наше,ти си свој само кога ти даваме
и така не вредиш,залудно трошиш,одиш,присвојуваш
иако знаеш дека не добиваш"
Еј,престани!
Подобро почни да се дружиш со црвите
твоите идни пријатели,или непријатели

сеедно ни е,подобро
и така само тие ти остануваат
само тие и ти ги оставаме
Замисли!
Земјата ја бранеше за да те закопаме во неа
еј,ја исполни својата животна цел
затоа заблагодари ни се
ти овозможивме спас од одговорноста
и вечно заборавање на сите грешки и убиства
залудно потрошен леб,вознемирување ивалкање
Тоа е твоето минато,твојата иднина етаму долу
Спокојот на ладната земја,замрзнува се
ги распарчува чувствата,го уништува помнењето
ја закочува сликата,патењето
остави им го на живите,оние кои градат,грешат
и не се поправаат,веруваат дека не заслужуваат
затоа продолжуваат да градат градови како тврдини
разни инјекции
Но не и црви!

Тие ги плашат и оддалечуваат
Се сеќаваш ли на твоето раѓање?
Идодека сфати остаре,одвнатре протече и изгуби
заедно со милијарди други
Да,го изгубивте ритамот на доброто
икога прв пат плачеше,и последен пат
затоа што останатите солзи беа самосожалување
и тага за идолот што сакаше да бидеш ти
затоа што заборави дека истиот тој ти го подготви гробот
те запозна со црвите,но не ти ги покажа нивниот јазик,култура и навики
Затоа заслужено молчи и уживај во молкот
друго и не ти останува
друго и не очекував од тебе,ни од милијардите твои близнаци
Се збогувавте со сонцето со вашиот прв изговорен збор:"ОГРАНИЧЕН"
И девојката што ја лажеше ја обои во сиво,ја зароби со месо

ја преслика и не и дозволи да ја менува копијата
Твојот син одамна е дедо кој не очекува ништо повеќе од еден панаѓур

или распродажба,сеедно
Доволно му е да се потсети дека бил млад и мил
се додека не го допре твојот здив на луда амбиција
И ништо,ништо,ништо!
Тоа е последниот збор и заклучок.
Повторен и почувствуван безброј пати,пати,пати........ПАТИ!
ТК.СК.

...."ВО ШТО Е ФИНТАТА?"...

Скопје
9.10.2000 год.

оздухот е чист,насекаде зеленило,луѓето се пријатни,културни и што е најважно си гледаат својата работа.Пари не постојат,луѓето работат затоа што работата ги сполнува,спортот не е повеќе бизнис,не постои армија и полиција.Најдени се леко сите болести,најдени се решенија за сите проблеми.Надминати се сите "разлики", лупите предрасуди се само шега,љубовта и разбирањето се движечката сила на плане ата земја...?Добро.Сега разбуди се и соочи се со реалноста!

Воздухот е загаден о и целата планета.Волјата на неколкумина управува со животите на останатите 6 ијарди "марионети".Планетата е поделена на неколку стотини држави кои барем о својата историја војувале.Постојат илјадници болести кои го "косат" човечкио ивот.Парите се најценетото нешто,на кое што луѓето му робуваат иако знаат дека се само парче хартија.Повеќе нема да набројувам затоа што веројатно ова набро е нема крај.Има ли?

Здраво јас сум Васко од Скопје,Македонија.Имам 21 година. се допаѓа тоа што се случува во мојата околина,а за светот подобро и да не збо ам.Имам завршено гимназија,на факултет не отидов поради некои мои лични убеду во војска бев иако не по моја волја...добро,можеби и можев да не отидам но,зна тоа е само можеби а уште поважно е што е и МИНАТО!9-10 години слушам музика,6 дини сум по "гаражи".10 години се возам со градски автобуси,и исто толку годин прашувам "во што е финтата?".Милијарда пати сум се прашал:"И сега што?".Еден с многумината кои со години се по улици и таму пијат алкохол,пушат марихуана... знаат што прават.Еден сум од многумината кои се нон-стоп по концерти и кои реч се поврзуваат со андерграунд музиката.Еден сум од многумината кои го живеат то чин на живот,но се надевам дека нема да бидам еден од многумината кои прекину со тој начин кога ќе завршат факултет,ќе се вработат,оженат,омажат или пак не слично.Прерано за да разберат "во што е финтата".

На почетокот се е забава.Тоа е бро,добро е се да се заврши со забава,но тука е повторно заебаната реалност ко ги сече сите оние кои не се свесниза нејзината смртоносна острина.Затоа најдобр е кога ќе разбереш дека РЕАЛНОСТА НЕ ЕБЕ НИКОГО И НИШТО!На реалноста единствено е важно нејзиното сопствено постоење,без разлика какво е тоа.Крваво,розево,црно, светло,среќно,тажно...Но затоа сме ние тука.Ние би требало да и го дадеме облик ликот на реалноста,да ја фатиме толку силно и да ја сфатиме уште посилно затоа во обратен случај тука е нејзината пеколна острина,па знаете,можат да се случат нарии,па после се од почеток,па пак прашањето "Во што е финтата" и на крај повто еве ја реалноста со нејзиниот посран свет,војни,разлики,сида,полиција,робување артии,правење на работи што не ги сакаме,глупави сатанисти,помочани и слепи "вер ци",тага,сиромаштија,дрога,зарази,Холивуд,турбо-фолк,шминкерчиња,наркоманчиња,ка педерчиња",курвичиња,мамини синчиња и ќеркички,естрада,џет-сет,крем,благородниц ралски семејства,шмизли,попови,оци,глупави фудбалери,председатели,директори,сака лаќање на даноци,чекање на редови,визи,лов и риболов,сообраќајки,навивачки тепа анстерски пресметки,феминизирани министри,шефови на улични банди,алкохоличари,ш ган,масовни и сериски убијци,лоши родители,глад,мизерија,силување,убивање......

Затоа размисли убаво "Во што е финтата",и колку можеш да помогнеш во создавање н среќа,љубов,мир,насмевки,забава,здравје,толеранција,разбирање,дружење,слатко сон ње,бакнување,водење на љубов,"летање во облаци",држење за рака,играње фудбал во у ишен двор,слобода,слобода,СЛОБОДА........ Дијагноза:Има надеж,треба сила,волја,

Др.ТК.СК.



**А. СТРАНА**

1. SIDEWALK - сонувам
2. БУМБИКС... - еј, знаете ли?
3. SMUT - свет на лага
4. SUPERHIKS - hooker
5. ФЛУКС - убијците на овој град
6. SIDEWALK - зборови
7. БУМБИКС... - гласајте за...
8. SMUT - сам
9. SUPERHIKS - falling down
10. ФЛУКС - гнилост

**Б. СТРАНА**

1. SIDEWALK - заблуда
2. БУМБИКС... - ТК.СК.
3. SMUT - gajka's song
4. SUPERHIKS - freaks
5. ФЛУКС - зошто живееме
6. SIDEWALK - стискавец
7. БУМБИКС... - нашата порака
8. SMUT - вртипоп
9. SUPERHIKS - one of my bad days
10. ФЛУКС - муабет

КАКА СНИМКИ А
kaka@freemail.org.mk

**КАКА** СНИМКИ А

# TK.CK. за SK8

СО САМО 5о ДЕНАРИ ПОДРЖЕТЕ ГИ КАКА СНИМКИ

ВО МИСИЈАТА

"ИЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИ подземни ГРУПИ"

AVAILABLE FOR $3 EUROPE, $4 WORLD (PPD) OR TRADE. NO RIP OFF!!!

"KAKA" ZINE & TAPES, ARSO MICKOV 23, 91000 SKOPJE, MACEDONIA, EUROPE

DISTRIBUCIJ
FANZINI, KASETI, PRISINKI
DRAGAN

*Featuring bands from Serbia, Macedonia & Croatia :*

20 DO 50 DEN.
EXISTENCE #31/#34
ANG. Ⓐ PUNK 50 DEN.

-ANARHIZAM I MORAL-P. KROPOTKIN (10 DEN.)
-KAPITALISTICKI SISTEM-M. BAKUNJIN (10 DEN.)

НАСКОРО! НАСКОРО! НАСКОРО! НАСКОРО! НАСКОРО!

Сплит касета на македонски и руски панк групи?!

БУМБИКС...-"Нашата порака"

Тотално раритетни живи снимки

Stefan Simonovski
Ul. 4 Juli 4-1/2
91000 Skopje
Macedonia/Europe

D.I.Y.
AS
FUCK!!

VESNIK (10 DEN.)
ERCULTURE #3 A.P.F.

I'M A MAN

**INT.COMP.TAPE C90 + BOOKLET**

SCUM OF SOCIETY, SHUDOS, TERMINUS, WHEN MIND REFLECTS, GROINCHURN, ANTICIPATE, SCHIZMA, ASIDE, DISARM, DEPRESSOR, BEYOND DESCRIPTION, ... DISORDER, NEW ... EBU, B.DAMAGE, ... RUNCH, PICHISMO, ... INT, INVAZIJA, I.R.S. ... BRAINS & R.E.O.

**PRICE:**
4$ PPD EUROPE
5$ PPD WORLD
NO RIP OFF !!
WRITE FOR DISTRO LIST

VARNA HARDCORE STRIKES AGAIN

# indignity OUTRAGE

**OLD SCHOOL HARDCORE**

demo-split out now!

available for $3 Europe/$4 World (ppd included)

SEND WELL HIDDEN CASH TO:

INDIGNITY
c/o Hristo Ignatov
Vazrajdane kv.
bl.40 entr.1 app.31
BUL-9000 VARNA
BULGARIA

100% DIY production

OUTRAGE
c/o Jivko Manev
"Strachil" str.8 app.7
BUL-9000 VARNA
BULGARIA

E-mail: jivko@nts-varna.bg

presenting 16 live tracks
GJUROSKI VASIL
BUL. AVNOJ 88-1/5
91000 SKOPJE
E-MAIL: VASILG@HOTMAIL.COM
TRADES ARE WELCOME
NO RIP OFF!!!
PRICE:
60 den. MKD
3$ ppd EUROPE

TRADES ARE WELCOME!!!
DISTRIBUTORS WANTED!!!

write for



D.I.Y. MATERIALS
... IN MACEDONIA
...KERS GET IN TOUCH
(THAT ADDRESS)
DRAGAN
...AVSKI BRIGADI 5/8
91000 SKOPJE
MACEDONIA (EUROPE)

# THE NEW POLICE STATE

...Како сум станал панкер?Еј,ај да не збориме за тоа.Тоа е долго и широко.Тие што ми го покажаа тоа сега се најголеми глупаци и шминкери.Од 1984 година сум панкер,и уште слушам,тоа си го чувам во себе...панкот е мојата борба за живот!!!Во 1986 година го направив првиот бенд "1903",па после го смени вме името во "РАБОТНИЧКИ ФРОНТ"...Имавме неколку снимки и концерти,и тоа...После подолга пауза свирев во уште еден бенд "BLOODY RIOT",сум свирел и со "РОК АГРЕСОРИ","ДАЛТОНС"...Во Март 1993 со Шупак ги оформивме "NEW POLICE STATE",јасно е зошто си дадовме такво име иако се двоумевме помеѓу неколку имиња,на пример "ТЕРИТОРИЈАЛНА ОДБРАНА",и...не ми текнува кое беше уште едно...нема врска.На почетокот бевме само ние двајца,јас на бас,а Шупак на тапани.За прв пат свиревме во "Дорс",пред 200 луѓе...сме свиреле многу пати...имаме и 3 дема, првото е "Се тече ништо не се менува",второто е "Слободен говор", и третото е "Запознавање на природата и општеството"...Од македонското тло можат да излезат големи панк групи,ама работата е во тоа што на пример некој бенд ќе стигне до некое одредено ниво,и после тоа...видете не кои сме ние,ние сме ааааа,и толку....тоа е. Поради тоа што не можат да свират често,а имаат желба за свирење панк групите свират сегде и се плеткаат со луѓе што не треба... Не знам,...не знам како дојде до тоа самоуништување на панкот во Скопје... Пропаднаа луѓето,си отидоа, се испожениија,се ис- помажија...дроги...Нема кој да ги подучи младите панкери.Јас се обидувам колку што можам...ама изгледа дека они не сакаат. Сакаат нешто сами да направат,ама ништо. Они не почнуваат од почетокот,туку одма нешто хард кор,мард кор. чекај малце... Јас им викам:"Почни прво од "PISTOLS" "IGGY POP","RAMONES"... Научи нешто,види првен што е,после се стигнува до хард кор, а не одма...е,затоа се прпаѓа.Идеолошки не се подготвени...Затоа е така". Јас сум останал панкер на овие години затоа што сум почнал од буквата "А"! Така и ги учиме и децата од мало...Доаѓаат и ми викаат снимај ми хард кор.А јас им викам,НЕ.СЕ СО РЕД.на крај и хард кор...ама првен буквата "А"!.Луѓето треба да се самите свесни...а нив ги боли кур!Ќе се напушат,ќе се напијат и ај се фураме нешто панк,ау,ау,и ништо не прават со тоа.Само ќе се облечат нешто,а дали имаат дома две касети,или дали прочитале нешто за тоа,ме разбираш?Еве гледам многу луѓе како тебе што сакаат за сценава,знаеш...еве гледам еден дечко,не го знам кој е фотокопирал нешто Бакуњин и дели за 10 денари,вика ќе правел нешто за Кропоткин...тоа е она што треба.А не како некои што ги злоупотребуваат работите,сите знаеме кои се тие.Нема веќе места како порано каде што се собираат само панкери...затоа што повеќето глумат дека се панкери...баш позери.Нема континуитет...ќе дојдат на концерт,тогаш ќе се изнаоблечат во кожњаци,ќе направат четки,боцки...а утредента отишле на кафе во некој најшминкерски кафич.Е,порано имаше неколкумина што беа панкери само за да фатат пички.А мене сега сите ми викаат:"ВИДИ ГО Перса,има 28 години,а уште е ко дете."Не е ко дете,тоа е филозофијата.Ако си еднаш,остани во тоа.Ме боли кур,кој што сака нека збори за мене!!!!!!

Најголемата грешка е кога некој пее на англиски.Така никој не го разбир[а] Мене ми е потребен панк што ќе го разбирам.Тоа е тоа.Кај си таму си.И на македонски може да звучи песна мелодично.Вотоа е финтата.Како што Боб Марли пеел за сите да го слушнат плачот на неговиот поробен народ,така и ние пеем за нашето ропство.Кој сфаќа,не знам.Тоа е тоа.ПАНКЕР Е СЕКОЈ ОНОЈ КОЈ СЕ БО[РИ] ПРОТИВ СВОЈОТ УГНЕТУВАЧ!!!...Ти си само еден,за ова општество ништо,што и да направиш,никој не те приметува.Ти си свесен и ти знаеш,заедно сме добри, заедно сме јаки,заедно ќе решиме нешто,а сам никој и ништо.ОБЕДИНЕТИ,ТОА Е ЗНАЈ!ОБЕДИНЕТИ?ТОА Е СПАС!!!ОБЕДИНЕТИ?ТОА Е ЗНАЈ! ОБЕДИНЕТИ?ТОА Е СПАС!!!

THE NEW POLICE STATE

THE NEW POLICE STATE

ANARCHY & PEACE

N.P.S.

N.P.S.

ОБЕДИНЕТИ !!!
си само еден,
ова општество ништо,

ДА ИЛИ НЕ ?!
Луѓето мислат,
луѓето прават,
луѓето градат,
луѓето уништуваат.

Луѓето војуваат,
луѓето крадат,
луѓето лажат,
луѓето веруваат.
ЛУЃЕ ЛИ СЕ ТОА?!
ДА ИЛИ НЕ ?!!!

Ти си свесен и ти знаеш
заедно сме добри,
заедно сме јаки,
заедно ќе решиме нешто,
а сам никој ништо.
ОБЕДИНЕТИ ;тоа е знај ,
;тоа е спас.

што и да направиш,
никој не те приметува.

ПРОТЕСТ
Се борам за човечките права,
на секој млад човек,
во овој мизерен свет,
каде има закони многу.
Не сме премногу млади,
за да на овој начин ние да страдаме,
ние сме премногу наивни,
за вака да патиме и ова да го гледаме.
ВИНОВЕН ЗА ШТО ???
Не верувам во вас.
ВИНОВЕН ЗА ШТО ???
Јас бегам од вас.
ВИНОВЕН,ВИНОВЕН,А ЗА ШТО ???!

NO GODS NO MASTERS

НЕМАШ ШАНСИ ДА...?
Ти дигни рака,ти кажи се,
ти дигни два прста,побуни се,
твое е право,ти си млад,
ти си ти,ти си јак.
Ти гледаш како пропаѓа светот,
со тебе или не,
ти немаш избор да седиш,
ти стани на нозе и дигнисе.
ТИ НЕМАШ ШАНСИ ДА

ИНОВЕН ЗА ШТО ???
е сум жеден за крв.
ИНОВЕН ЗА ШТО ???
Не сум жеден за крв.
ВИНОВЕН ЗА ШТО ???
Нејкам нова земја.

СУРОВ СВЕТ
ветот полека изумира,
човечкиот род активно се треби,
индустријата напредува,природата се брише,
историјата одумира позади нас,

Се повеќе криза и беда,
се повеќе млади,боси и гладни,
се повеќе штрајкови и демонстрации,
се повеќе уривања и кражби.

Одумира идеата за борба,
ги снемува сликите од правите луѓе,
медиумите владеат во нашите глави,
човечката моќ полека паѓа.
ОВА Е СУРОВ,СУРОВ СВЕТ...!

ANARCHY N.P.S.

ВИНОВЕН ЗА ШТО ?
ВИНОВЕН ЗА ШТО ???
Не сум јас војник.
ВИНОВЕН ЗА ШТО ???
Не војувам со никој.
ВИНОВЕН ЗА ШТО ???
Затоа што сум јас.
ВИНОВЕН ЗА ШТО ???
Не сум како вас.

PEACE МИР

THE NEW POLICE STATE

КОНТАКТ: 091/366-904 (БОРЧЕ) (ЬУПЧО)

ИЗВАДОК ОД КНИГАТА"СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТОРИ"одЈован Бошковски

-Добро е!-рече гласно Илија Трчков откопувајќи го од под камењата сандачето со динамитот.Гласот се удри во нискиот свод од камен и оттука,низ отворот, излезе кон морето.Илија Трчков се изненади од неговата силина;ја крена главата и го виде Орцета како стои со Мечев покрај Ивановиот гроб.За миг тоа го задржа во движењето со рацете кон сандачето,рацете му останаа на половина пат,лицето се истегна,исчезна од него насмевката.Беше тоа само кратко,мимолетно засенчување поради присуството на смртта тука,од него,но неговата природа беше сега против размислување,телото бараше во секој миг движење,не оставајќи ја свеста да се скове на едно место.-Поземете!-викна тој кон нив гледајќи ги како стојат покрај гробот,и тие замолчени и неподвижни.Орце беше повеќе отсекогаш затворен и скржав на зборови.Овој пат како навистина да ~~ќе~~ носи со себе темен облак,што секој миг може да се истури.Седеа покрај брегот,никој не зборуваше.Кирков наоѓаше во песокта парчиња од школки,ги ронеше меѓу прстите чудејќи се на нивната трошност.Пингов фрлаше камчиња во водата;при секое паѓање тие удираа како клобурци од јадар летен дожд.Тој шум го одвлекувашеи го чинеше привидно мирен.Излегувајќи од пештерата,Орце долго ги изгледа сите редум.-Смрт на ситно!-рече огорчено и на сите им се стори дека пак ќе замолчи, дека во таа реченица е собрана и исплукана сета горчина што му го грчеше лицето.Илија Трчков и Мечев го наместуваа динамитот во еден од чуновите и не се ни свртеа.-Смрт на ситно!-повтори Орце со повишен глас..-Отсекогаш сум се плашел од таква смрт...-Сто оки динамит требаше да се спаси.Се се случи неочекувано...-Рече Кирков не гледајќи во него.-Не мислам на тоа...-го прекина тој.Очите му гореа и изгледаше дека од тој пламен,што се димеше во нив,секој миг се шират подгорените кругови на подочниците,правејќи го лицето аскетски издолжено и испотено.-Мислам на нашата смрт...-продолжи тој.-Ете ни уште една поука,да се исчуваме за едно умирање со ефект!Загледан дотогаш во далечината, во морската вода без брегови,Павел Шатев се приближи.-Зошто зборуваш за умирање,Орце!Се разбира...-се обиде да се насмевне.-Во секоја борба има мртви; Зар за тоа што падна еден од нас да станеме фаталисти?Очајници?Треба да бидеме практични сурови,методични терористи кои...Орце го прекина нагло кревајќи ја раката.-Размислував и сам доста за тоа.Бев долго време во туѓина,меѓу луѓе што нам ни се слични,запознав многумина коинпо се што се случилоостанале живи и сега својот живот го носат како најголемо проклетство. Не сакам таков живот...Вие си спомнувате:уште во гимназија,кога го создадовме нашиот кружок,ние се заветувавме на смрт.Беше тоа можеби непромислено,патетично.Но сега длабоко чувствувам дека тоа е единствено можна логика на секој тероризам.И нашата смрт треба да биде дел од акцијата,потврда нејзина и најчиста залога за чистотата на нашите идеи...-Зошто големи зборови?Работата е мошне проста:ќе ги извршиме атентатите и после...-И после?Орце го гледаше откосо,усните му беа згрчени.Павел Шатев се помачи да објасни,но прашањето останувашe без одговор.Што после,навистина,мислеше Кирков.Мислата се одбиваше од неизвесноста која понатаму настанува како од тврди ѕидови.Им се чинеше тоа просто и јасно;ќе ги извршат атентатите, а потоа како логична последица наидуваше целта-да се возбуди светот,да се раздвижат заспаните совести и ропството да се симне од лицето на татковината како темен превез,одошто таа ќе засвети чисто и насмеани.Да може,помисли тој,со едно делче од свеста,да се види сето она што ќе биде после...за тоа треба да се остане жив.А ако не биде ништо,ако сево ова е само заблуда и бладачко занесување во соништа?Кирков од тоа чувствуваше смртен страв;не,не треба да се види ништо,се треба да се остави да изгори во пожарите што ќе ги предизвикаат,на таа темна неизвесност што стои со остри рабови до тоа после.-Нема да барам ни завет ни клетва... -рече Орце.-Одберете си сами.Јас веќе одбрав.



**До Г-дин**
**Директор на “Зоолошката градина” Скопје**

Почитуван “Г-не” ја посетив "Вашата" (нашата) зоолошка градина, и бев фрапирана, и фасцинирана од Вашата организација на работење и грижа за животните.

Претходно зоолошката градина ја посетив пред десетина години и како и сега така и тогаш бев фрапирана и фасцинирана од вашата ангажираност.

Заради тоа најверојатно зоолошката градина ќе ја посетам по десетина години.

**Едно дете**



Во скопската ЗОО градина опстојуваат едни од најизмачените животни во Р. Македонија. Некои од нив се тату родени, а некои подоцна донесени. Според светските норми животните се чуваат во несоодветни кафези, во кои хигиената е на многу ниско ниво или воопшто ја нема. Исхраната не ги задоволува потребите на животните, а се случува и да не ја добијат. Честа е сликата на гладни и повредени животни кои не го добиваат неопходниот ветеринарен третман.

**СТОП** - ЗА АГОНИЈАТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО СКОПСКАТА **ЗОО ГРАДИНА**

СЕЌАВАЊЕ НА ХАОСОТ И... ...ХАОСОТ НА СЕЌАВАЊЕТО

Другиот ден,значи на 01.04. ,отидов сам во Рашка ,испратен од мајчините солзи,кои како да претчувствуваа што ќе се случи.Го најдов со доста маки забутаното Покимици,се јавив,реков демек немам воена книшка,а тие ми одговорија "Токму такви и ни требаат"Исто така ми рекоа дека моментално немаат униформи и чизми ,но дека ќе добијат и ме упатија во некое соседно село за да му се јавам на некој ка?петан.Отидов таму ,но капетанот бил на некое гаѓање па ми рекоа да почекам.

И така стоев потпрен на некое дрво,со уште двајца јадници доста постари од мене,и чекав...што?Верувајте ми дека не знаев.Во меѓувреме почна да врне дожд,а ние немавме каде да се засолниме ... Стигна и капетанот и ни кажа дека подоцна ќе задолжиме униформи а наутро и оружје.Задолжувањето помина по темница со една свеќа,и еден тип кој на глас пцуеше и тераше у пичку матер се, од војската преку системот па се до Милошевиќ.За малку не викнаа воена полиција да интервенира... Таа ноќ ја преспавме во некоја шупа на сено,а утрото не чекаше веста дека тој ден ќе одиме на Косово...Не можев да верувам, а мислев дека ова е шега,но моите сомнежи брзо беа разбиени.Вечерва во 22.00 се оди на Косово,во општината Дреница,во подножјето на планината Чичавица.Човеку па јас не знам нормално да склопам и расклопам пушка,затоа што во текот на "служењето" на воениот рок 9 месеци поминав во генералштабот во Белград , како курир...Времето поминуваше а јас сеуште во себе се надевав дека нема да отидеме. почна повторно да паѓа дожд.Околу 21.30 стигна наредба да тргнеме накај местото каде што беа паркирани автобусите. Дождот паѓаше,беше глува темница,и сите се растрчаа.Ништо, аманавистина,ништо не видов(носам наочари),ни каде одам,а ни каде газам.Чувствував дека нозете ми се утоп водени. Влеговме во автобусот и тргнавме. Изморен од неспиење и и узмачен од глад заспав,бидејќи повеќе од 24 саата ништо немав јадено...Рекоа,не било предвидено...Ме разбуди еден поручник , инаку командант на доброволниот вод(кој вика дека немало доброволци??),со зборовите:"Момче,уфрли полна рамка во пушката,ја поминавме Митровица , сега се е возможно... Не се сеќавам како,само знам дека треперев од студ и од страв, го направив тоа што ми го кажа,а во мене се разгоре дилемата: Дали да пукам?Што ако...?Не,не сум способен да размислувам и не донесов никаква одлука(не бев способен)...Повторно заспав... Кога се разбудив веќе одамна беше разденето,а автобусот се многу мака се движеше по нагорнина.Прашав еден доброволец каде сме,а тој кратко ми одговори:Чичавица.И тоа беше тоа. Не помина многу,а околу нас се запука,веројатно како доброволци, излеговме од автобусот.Ни дадоа некакви наредби не се сеќавам какви,само се сеќавам,дека ние 20(вод)бевме одредени да дојдеме до некоја џамија и да го "обезбедиме" тој дел...Еден добар дел од луѓето без размислување тргна а полека и ние по нив.И понатаму во мене беше дилемата: "Што ако...што ако...?Дојдовме до џамијата,каде што за среќа немаше никого,затоа што така конфузни и неорганизирани ќе не испотепаа како зајци,а тука ги почекавме и другите. Тој ден поминавме уште две села,каде што повторно немаше никого(за среќа)а во третото застанавме поради спиење. Ни одредија куќа за спиење која не беше далеку од рушевините. Одредена е и стража.За таа ноќ не бев одреден јас , ама тоа срање ни во една од 44 ноќи не ме одмина,без разлика на мојот слаб вид...Ноќ.Прва на Косово.На непознато, на туѓо. Тука,таму се слушаат истрели.Воглавно пукаше стражата, од страв.Јас се плашам,размислувам,не спијам...Јас не можам да убивам,не можам да бидам тоа што тие го сакаат...





Аповторно,што ако дојдам во ситуација јас или "тој"...? Па повеќе се сакам себе си отколку него!Не знам...Подобро да не размислувам...Можеби...Не надлетуваат авиони.Цела ноќ.Не толку далеку се слушаат и детонации.



ноќта минува , ајас не можам да отспијам ни минута.Пред зора излегов во ходникот и запалив цигара.Размислувам; морам да се чувам,и од нашите и од нивните авиони на небото.Морам да бидам паметен,поради себе,родителите, мојата Сања,моите пријатели...Што ли е со нив...??? Следните 2-3 дена поминуваа горе,долу исто.Во така наречените чистења на села.Почнаа да се појавуваат првите цивили,Албанци.Воглавно старци,деца,жени.... Велат дека ги спроведуваат до Глоговац, а потоа во бегалски колони во Албанија.Секоја ноќ ја поминувавме во друго село,во друга,туѓа куќа...Давав стража,иако ноќта до 5 метри не се гледаше ништо.Авионите не надлетуваа нон-стоп.Детонациите беа поблиску.ОВК не се појавуваше...За сега.Претчувствував дека овој почеток,е само дел од она што допрва не чека.Колку би сакал да сум се излажал ...Поминавме едно село каде што поминавме добри 7 дена,адругиот ден од престојот во тоа село , се сеќавам на 13.04.,прв пат имав време да напишам писмо до дома.Сеуште не знаев што е со моите дома,моите пријатели,мојата Сања? Немав никакви вести,немавме ни радио...Луѓето околу мене?Воглавно од село,доста постари.Инаку јас бев најмлад во целиот баталјон.Сега сме 9 или можеби 10 не знам: Гавро,Ацо,Али Баба,Верко Гитара,Врба,Грк,Кувар,Возач, Брада и јас.Дали некогаш би дошол во контакт со овие луѓе да не сме сите заедно во овие срања?Не...До сега не сме биле во големи срања.Претчувствувам дека овој "мир" нема долго да потрае.Седмиот ден стигнува наредба за одење во Чичавица.Во "чистење". Спремивме заштитни маски, ќе фрлат отрови.Таа ноќ една бомба падна на најмалку 200 метра од нас.Малтерот испука и попаѓа врз мене.Во ушите зуи.Зарем е ова почетокот?Наутро, околу5 тргнуваме,а дождот по правило паѓа.Поминуваме низ села.Празни,никаде ни жива душа.Викаат,"тоа"го завршиле оние пред нас,но таму каде што сега одиме не била ни војската ни полицијата. Не знам што да мислам и очекувам.Се раздени,но темно е од црните облаци.




19.04.Ќе го памтам до крајот на животот...Се приближувавме до едно село,а куршумите веќе фрчеа над нас.Беше опасно па одлучија првен тенковите да влезат во селото а после и ние.Нормално,гледав да бидам помеѓу последните.Тенковите го гаѓаа селото.Со уште двајца се тргнав на страна позади некаков крш.Грешка, голема грешка.Тука беше некојси капетан М.,лудак кој ги поминал боиштата во Босна и Хрватска(идиотот со тоа се фалеше!!?).Кога тенковите престанаа со гаѓањето,им довикна на останатите:"Вие одете по патот,ајас со овие тројца(мислеше на нас) одиме напред,во извидување.."Тоа не ми се допадна. Не водеше по некои "козји"патеки,камењарници,и одеднаш кога се најдовме на ридот,албански гробишта.Позади нас"фрчеше2" .СЕсвртев за да видам дали доаѓаат и другите,и ужаснат сватив дека се на другиот рид, оддалечени од нас добри 2 километри... Си помислив дека е готово.Меѓутоа тоа го помисли и спротивната страна,па и тие побегнаа,а ние влеговме во селото. Се викаше Градица,го запомнив тоа,и тука се наоѓаше училиштето кое е претворено во штаб на ОВК,а тоа РТС своевремено го прикажуваше,итн...Значи веќе сме на Чичавица.И понатаму врне.Треба да запоседнеме дел долг околу 1 километар.Се прави обрач околу Чичавица. Се копаат ровови.Валкан сум и уморен до немајкаде. Ми се спие.Првата ноќ на таа положба спиев под отворено небо,а и понатаму врнеше...Тука во ова село поминавме точно21 ден.Веќе почнаа и првите страдања.Загина Срѓан К. од нашиот вод,налетал на мина...2 беа ранети.Нервозата беше кај сите присутна,а мене конечно,после 24 дена ми



стигна писмо од дома.Сите се добро.Некако ми е полесно.
Почнуваат разни акции за фаќање на терористи.Некаде
и се пука,а некаде и се предаваат.Гледам како
нашата војска ги малтретира.Се чувствуваат надмокни,
ги тераат да ползат,да пеат четнички песни....
Мака ми е ,и се тргам на страна.Не можам и не сакам
да го гледам тоа.Сеуште не сум испукал ни еден
куршум...Почнаа и да пуштаат по 2 од водот дома...
Јас сум на ред дури во 5 -та тура,кој ли ќе дочека?
Стигнуваат и првите транзистори,се слушаат вести...
Размислувам кога ќе му дојде крајот на сето ова.
Да одам дома...Често ме одредуваат да одам во
"патроли" низ селото како и тој ден,...Релативно е
мирно.Авионите не надлетуваат,го гаѓаат"Феро Ники"
Оддалечен од нас 400 М. по воздушна линија.
Детонациите се силни и ми се чини дека се поблиски.
Како и многу други ,и јас почнав да носам чепови
за уши.Поради притисокот.Одиме по вообичаената
маршута,во круг па назад.Одеднаш, не се сеќавам ни
од каде,пред нас се појави група од неколку жени
и деца...Вкочанети погледи, одеднаш едно девојче
почнува да плаче.Се плашам да не запукаат овие
двајца покрај мене.Полека му пријдов на
расплаканото девојче и го помилував по косата.
Вотие нејзини солзи,солзите на тоа албанско
девојче,во нејзиниот исплашен поглед,го видов
патењето и стравот на сите нас кои не сакавме
да дојде до ова...За малку не заплакав и јас.
"Од каде доаѓате?"-прашав,но не добив одговор,
изгледа не ме разбраа."Одете по овој пат ,па
потоа спуштете се до пругата..."-им реков
(таму беше нај безбедно) и понатаму гледајќи
во девојчето.Тргнаа,нон-стоп вртејќи се накај
нас.Ми беше многу тешко.Во мене се испомешаа
бесот и очајот.Сватив дека сум немоќен...
Се вративме во куќата каде што бевме сместени.
Не помина многу а бев повикан на рапорт кај
капетанот М.,затоа што ги пуштив да си одат
а не ги приведов.Почна да ми се дере...Не
издржав-пукнав;Скокнав и викнав:"Што се дереш
мајмуну?!Оди на ридот и свири фрула!!"
Попизде.Почна да ми се заканува со воен суд,
и со слични глупости.Само го прашав:"Кој
заслужи воен суд?Ти или јас?Не сум ни крадел,
ни убивал,ни изживувал..."-му реков и искочив
надвор.Времето поминуваше ужасно бавно.Добив
писма од Каса,Бојана?Наца и од мојата Сања.
Одлучив:Кога ке си отидам дома повеќе не се
враќам тука,па макар и да одам во затвор.
Наслушнавме "демек" нашата "единица" ја
извршила задачата(која ли беше?) и дека
наскоро ќе не префрлат во некое село близу
Глоговац.Само уште една акција...На некоја
положба.Отидовме таму ,во таа шума,направивме
некакви заклони и чекавме(кој знае што?)...
Имаше многу поскоци(змии),баравме серум,а
ни одговорија дека ќе стигнат за неколку
дена.УЖАС!Тука поминавме 5 дена.Конечно
не преместија во селото каде што беше мирно.
Имаше и Албанци.Воглавно старци,жени,деца...
Никој не ги пипаше,само што им беше
ограничено движењето.Куќата во која што
бевме сместени беше зачувана,но се разбира
немаше струја и вода.50 М. позади куќата
течеше реката Дреница.Не можев да издржам
и не осврнувајќи се на озборувањата се
избањав.

















После повеќе од40 дена нормално се избањав.
Како да не бев тука каде што сум,како да не се
случуваше тоа што се случуваше...
Кога се вратив ме дочека веста:"Погина Гавро"
"Кој Гавро?"-вознемирено прашав."Поручникот"
Тој беше командир на нашата чета.Краљевчанец,
добар човек.Конечно и мене ме ставија во
списокот за одење дома.4 дена.Сепак,не
умеев а и не можев да се радувам...Утре си
одам дома...Не можев да поверувам...а таа
вечер не можев ни да заспијам...Дојде и
тој ден.Првин отидовме во Глоговац,каде
што не чекаше камион.Прв пат на асфалт
после 45 дена.Конечно и тргнавме.Во 8
тргнавме аво Кралјево стигнавме околу 13.





Мајка ми не можеше да поверува кога ме
виде.Се разбира,плачеше,а јас бев сигурен
дека сега се е позади мене и дека таму
повеќе не се враќам...Повторно бев тука
помеѓу пријателите,луѓето кои ги сакам.
Со нивното присуство ми помогнаа да ја
пребродам кризата,брзо да се прилагодам...
Редовно одев на нвропсихијатар.Поради
документи.Глумев лудак,или навистина
бев тоа...Ни самиот не знам.Во војна бев
45 дена,од 01.04. до 15.05. и никогаш
повеќе.Некој ќе каже,па кој те тераше да
одиш,не мораше и сл.Ајас му велам тоа да
ја праша мојата мајка,која 24 дена немаше
никакви вести од мене,мојот брат,татко,
мојата девојка,пријателите,можеби тие ќе
одговорат подобро од мене.Сега се е далеку
позади мене,позади сите нас...Не,не сакам
да коментирам никакви концерти на плоштади,
"чување " на мостови и сл.,не сакам да ја
коментирам ни оваа војна, не сакам!!!!!!
Доста ми е од се ,посебно од нашата војска,
и маскирната униформа која никогаш повеќе
нема да ме види...Лукошани,Козлици,Градица,
Србица,Дреница,Бардиќи,Чичавица ми земаа
45 дена од животот по кој знае чив налог...
А овде,овде дознав дека нашата еди ница
воопшто не требало да оди на Косово,туку
тоаго сторила поради болните амбиции на
нејзиниот командант,некојси потполковник...
И да,сите имавме статус на доброволци,
за да и олесневме на државата во случај
на наша смрт...А изгледа дека државата
не прати во смрт,а мислам дека и би
сакала таа смрт и да ја најдеме.Можеби
грешам -- а јас би сакал да сето ова
што побрзо и засекогаш заврши!(завршам!)









СПРЕЧЕТЕ ЈА ВОЈНАТА!
ПРЕСТАНЕТЕ СО УБИВАЊЕТО!



ЧИРО

Превземено од "ПРИГОВОР"Бр.6Мај 2000
Лист за приговор на совеста
и антимилитаризам.(СЕ НАДЕВАМ НА
ОБОСТРАНО ЗАДОВОЛСТВО)



ншто светско незадоволство.Малкумина управуваат со останатите.Планета Земја.Насе-
ена од:хомо сапиенси,животни,инсекти,добри,лоши...Цел на постоењето,за многумина
епозната.Храброста е заменета со слепата послушност.Повредување,онеспособување,
лиминирање,завидување,поставување над другите.Дури и децата не се повеќе деца,ту-
некакви чудни мали копии на големи лицемери.Но имаат ли избор оние кои уште од
лелени" се одгледувани во духот на материјалистичко-совршено збунети-"јас сум нај
обар/ра"мали "богови" и "кралеви" на медиумските експлоататорски убијци.Добродој-
е во "машината" која го мелe здравиот разум и ја искривува сликата на слободата
е со една цел,продолжување на своето "живеење",дури и по цена на некое туѓо невин
ирање.Поделби,поделби,поделби....но не природни,туку принудни.За тоа се грижи
ајсовршениот репресирачки апарат со неговиот грд син,стравот.Со векови тој апарат
аедно со неговата сестра "машината" ја прават оваа планета мизерно место за живот
травот добро си ја врши својата ужасна работа.Луѓето се уврени дека без постоење
е господари нема да постојат ни самите тие.И така со векови и векови.Во името на
атеријалното збогатување умираат милиони невини и непотребни жртви.Во меѓувреме
оcподарите градат тврдини на злото.Луѓето градат погрешна слика за животот и не-
риметно во своите гени го вметнуваат вродениот страв.Од што?
..Македонија.1999 година е веќе минато.Луѓето кои живеат во оваа земја не се мно-
среќни.Велат дека немаат зошто да бидат.Некои велат дека заборавиле како е да
е биде среќен,а некои тврдат дека не знаат што е тоа среќа.Не знам кој од нив ја
борува вистината .Знам дека многу од нив не знаат ништо за слободата,ниту пак за
уѓето кои се бореле за неа.Сега и во минатото.Имам едно прашање за оние кои се
рават паметни и кои веруваат дека се борат за слободата денес.Како можеш на луѓе
ои едвај "крпат" ден со ден да им објасниш дека живеат во едно ново културно ро-
ство и дека треба да се борат против него!?Ве молам само да не им продавате рев-
луции,затоа што на овие луѓе им е преку глава од револуции и револуционери.На
вој народ му е преку глава од преобразувани копилиња кои образувајќи се го губе-
е својот идентитет и својата едноставност и мудрост.Разберете веќе еднаш.Народот
е може да го ослободи некој кој не е од народот!!!Полека,полека стигнавме и до
егашноста.Онаа вистинската,онаа што не е "розева".И...ДА,БОРБАТА ЗА СЛОБОДА!Зна-
и,да ги видиме фактите.Луѓето живеат според правила кои ги донесуваат политичар-
те.Луѓето се "должни" да ги почитуваат тие правила,а за тоа навистина да биде та-
а политичарите ја имаат полицијата.Бидејќи живеат во вечен страв дека некој ќе ги
ападне политичарите си "имаат" и војска во која се разбира "мора" да оди народот.
ародот оди на работа во која најчесто учествува во процес на производство на про-
укти кои секогаш се продаваат по неколку пати поголема цена од реалната.Иако на-
одот ги произведува тие продукти и знае колкава е нивната вистинска вредност,се-
ак ги купува тие производи.Зошто?Мислам дека не знаат,но сигурен сум дека знаат
ека со тоа ги збогатуваат своите тирани а сепак не превземаат ништо околу тоа.
ога ќе си дојдат дома уморни од работа гледаат ТВ за која што исто плаќаат.Каков
псурд,тие кои би требало да ја донесат "слободата",го финансираат "Ропството".
то се добива од ваквиот тек на настаните.Генерации на робови кои не се бунтуваат
атоа што се плашат дека ќе го изгубат и она малку што го имаат.И се разбира про-
летата иднина во која што толку веруваме.Гледаш пак се вртиме во круг.Пишувам ра-
оти кои што некој ги има напишано милион пати поубаво од мене.Зошто?Зошто уште
дно прашање?Вам ви зборувам,мрзливи панкери,позерски хардкорци,самобендисани ан-
рхисти.Вие кои постојано зборувате за ебената слобода.Па каде е?Во вашите локал-
и фанзини,во вашите полуиспиени евтини вина,во скапите халуциногени droги,во ко-
плексот на пониска вредност,во групите што ги правите.Доста!Преку кур ми е од се.
веројатно и на повеќето им е преку кур од се.И сега што?Знам дека скоро се ќе
стане исто после овој текст но,поентата ми беше друго.Не сакав со овој текст да
роповедам нешто,ниту пак велам дека сум подобар од оние за кои што пишував,знаете
ние кои не знаеја што е тоа слобода.Најверојатно не сум ни полош.Затоа ова штоќе
о напишам ќе биде заклучок и порака за крај,истовремено."Слободното опишување на
екојдневието,слободните дискусии и критики,слободното изјавување на незадоволст-
ото,осмелувањето да им веруваш на другите,слободното комуницирање и движење се
рвите сантиметри од патот наречен СЛОБОДА и светот кој е ПРЕКРАСЕН!!!!!!!!!!!!

ТК.СК.





# "WHY GRAFFITI CULTURE IS ART"

Го претвараме градот во еден вид галерија. Се работи за еден вид на ново уметничко изразување. Уметничките дела живеат додека некој ги гледа, а со графитите нон-стоп некој комуницира бидејки тие се изложени на јавни места, лугето поминуваат покрај нив, некои се импресионирани, а некои запрепастени.






Како се што не опкружува и уметноста с менува, евоулира. Експресионистите излегувале о своите ателјеа и сликале во природа, што е мног блиску со изразувањето на чувствата прек графитите.

Купуваш спреј и излегувашда се изразиш н некој ѕид кој за нас и лугето од наш квалитет би само празен и бесзначаен. Со тој подвиг ние м даваме смисла т.е. тој станува дел од нашит размислувања и начин на живот.




Работиме нешто што не ни е дозволено од некои кои израснале во помирно време и белите ѕидови и монотонијата не ја забележувале бидејки им било полесно. Спротивно од тие некои сме ние на кои иднината ни е многу понесигурна, а животот исполнет со повеќе проблеми и стресови и сакаме да се изразуваме во присуство на истите.



# "WHY GRAFFITI CULTURE IS ART"





Уметникот бара лажен мир во своето атеље, всушност релативен мир. Ние кои нашата уметност ја изразуваме преку графити, додека цртаме на некој ѕид на кој не ни е дозволено тоа да се прави, сме изложени повторно на место каде што проблемот и стресот се неизбежни што значи е обратно од живеење со релативни проблеми и стресови.









Ние сме храбри и своите дела ги изработуваме во ситуации каде што проблемите со полицијата, постојаниот стес и адреналин не напојуваат за да делата бидат пореални од сите досега создадени. Поради овие факти графити културата ќе остане криминална уметност се додека . . .

Од 90,91 сум во активен контакт со рап музиката и гледав и сведочев на нејзини најубав период,кулминацијата и смртта.Јас како последен човек би требало тоа да го кажам но,сакале вие или нејќеле тоа е вистината.Кои се пресудните фактори во трансформацијата на една хип-хоп култура:рап музика,диџејство,графити и Б-бојс и сл. во голем бизнис?Како култура што оригинално е започната на улиците на Њу Јорк и Џрзи кон крајот на 70 тите од нејзините пионери:Кул Херц,Африка Бамбата,Раким,Крс Оне,Рун Д.М.Ц.,Колд Краш Кру и др. се истите луѓе кои што со својата музика од локален карактер,подоцна бикостален(ист-вест)и конечно светски, поттикнуваат милиони луѓе да се разбудат и да направат нешто,но истовремено поттикнувајќи ги медиумите и големите компании да ја видат рап музиката со други очи.Иронично,таму кај што се роди рап музиката,таму и умре,некој ќе рече зошто? Моментот кога културата од анти-државно движење,со андерграунд музика,преминува во машина за правење пари,нејзиното постоење губи смисла.Муцињата на се повеќе поттикнати од љубов,туку од пари.Барем во Америка!Таа музика,американската рап музика е мртва.Но затоа во Европа и на Балканот таа допрва расте и живее.Во Скопје се повеќе млади луѓе се поттикнати од истата работа што некогаш значеше во Америкккка,љубовта кон музиката,а не кон профитот.Па дури и кога би сакале од таа музика не можете да се збогатите,сега за сега.Лошата работа е тоа што според марфиевиот закон,цитирам:"90% од се е срање!%"-завршен цитат.Нажалост во македонската сцена како движелка сила на македонскиот рап е токму така.Зошто? Поради една причина,реалноста!Неможењето на повеќето луѓе во рапот да проповедат реалност(??!?заб.тк.ск.)Ние,зборам ние поради тоа што јас сум сметан како член на Ск. рап подземјето,им оставаме простор на другите луѓе што ме мразат за напад,со тоа што правиме песни против кучки,против дрога,пиштоли,демек сме ганстери.Тоа е АмериКККанската реалност,не нашата!Треба да промовираме добра музика со цврст став и свое мислење.Луѓето кои што не "мислат",не ги фаќа несоница.Јас и понатаму ќе талкам низ градот додека вие "спиете"!!!

ДА ЦАКА "НАКОТ"!






LOOKING FOR D.I.Y. MATERIALS TO DISTRIBUTE IN MACEDONIA

BANDS/ZINEMAKERS GET IN TOUCH

CONTACT ADDRESS

NIKOLIĆ DRAGAN
UL. JUŽNOMORAVSKI BRIGADI 5/8
91000 SKOPJE
MACEDONIA (EUROPE)

MUSIC NOT MONEY

## MY FAVORITE TAPES RELEASES:

#01 *AGATHOCLES* "...and so god said to us: *Stop this noise, it's killing me!*"
- they don't need any presentation *(4$ ppd Europe / 5$ ppd World)*

#02 *I AM A MAN* international compilation tape with booklet C90 featuring
-DISORDER, BEYOND DESCRIPTION, REO, TERMINUS, GROINCHURN, N.Y.A.B, DEPRESSOR, PIZDA MATERNA, B.DAMAGE ... *(4$ ppd Europe / 5$ ppd World)*

#03 *NEW YORK AGAINST BELZEBU* "Bill Gates's faves songs"
- great crazy noise from Brazil with male/female vocals *(3$ ppd Europe / 4$ppd World)*

#04 *project: B. DAMAGE*
- another demo tape from this grind, crust, hard core ... band from Macedonia *(2$ ppd Europe / 3$ ppd World)*

coming soon:

*B. DAMAGE / CRIPPLE BASTARDS* split tape

and also the new *COMPILATION* tape

**TOTALLY D. I. Y./NON PROFIT/NO RIP-OFF**

-TRADES ARE MORE THAN WELCOME-

I also run a distro, so I would like to distribute your stuff, yes, exactly from you
I need bands for my future compilation tapes, so if you want to help each other please send your stuff on the following address:

GJUROSKI VASIL
BUL. AVNOJ 88-1/5
91000 SKOPJE
MACEDONIA / EUROPE
E-MAIL.: VASILC@HOTMAIL.COM

MY FAVORITE TAPES PRESENTS

# AGATHOCLES

"...AND SO THE GOD SAID TO US: STOP THIS NOISE IT'S KILLING ME"

**ONLY 90 MIN OF PURE MINCE CORE FROM THIS LEGENDARY BAND FROM BELGIUM**

PRICE : $4 PPD EUROPE / 5$ PPD WORLD

TRADES ARE WELCOME!!!

DISTRIBUTORS WANTED!!!

D.I.Y.

Vasil Gjuroski
bul.AVNOJ 88-1/5
91000 Skopje
Macedonia/Europe

write f[...]
distro l[...]

# M. F. T. 03

## NEW YORK AGAINST BELZEBU

"Bill Gates's Faves Songs"

crazy noise with male/female vocals from Brazil

46 min. tape with full color cover

WRITE TO:

| | |
|---|---|
| N.Y.A.B.<br>Nelson A.D. Santos<br>Cx Postal 1197<br>Cep 01059-970<br>Sao Paulo / SP | M.F.T. tape label<br>Vasil Gjuroski<br>bul. AVNOJ 88-1/5<br>91000 Skopje<br>Macedonia/Europ[e] |

## СИНОВИТЕ НА ГЛАДОТ

...Ништо немам...на гладот сум син:
низ светот,на своето тело,го носам
неговиот жиг.
Немам ни очи:погледите ми го
замрзнуваат разумот,
а устата ми е дупка за по некој
наежувачки крик.
Презирот и исмевањето
ми е награда од светот и
амфорното молчење на
природата,земјата и небото.
О зошто е тоа?...За мене е само
скитањето и светот и
парче сув леб.
Омразата е плодот на моето бдеење,
мојата стрпливост го крие
ужасот на моќта.

## ОД ФАБРИКАТА

Црни кругови од чад од утробата на
фабриката,
со трепетот и шумот од нејзината
мрачна внатрешност,
ни го осакатуваат погледот со
кршачка тага.
О мајко на оваа болка.
Голгото на нашите денови,
и ова светло утро,и овој
сончев ден,
ќе ја однесат твојата врата
во болен неповрат!
Ќе оставиш за потсмев;
воздишка или следечки грч.
А јас знам,дека ќе понесам,
дури во самракот на денот
кога сутонот жедно пие од
чашата на полусонот на моето
тмурно чело-една огнена
БОЛКА!!!

Поезијата на Рацин е тесно сврзана со тешката социјална положба на македонскиот народ.Таа силно гибранува чувствата на народните маси и ги повикува на бунт против експлоататорите на нивниот труд,со што одиграл револуционерна улога во класната свест на народот.Коста А постолов Солев,познат по литературните псевдоними Рацин и Невен Пејко, е роден на 22 Декември 1908 година во Велес,во семејството на сиромашниот грнчар Апостол Солев. Имал гладно и сиромашно детство,претворено со работа и учење.Гледајќи ја сиромаштијата во својата куќа ,рано го сфатил ропскиот живот на македонскиот народ.Затоа уште во детството кај него се јавила омразапротив експлоататорите на народот.Поради сиромаштијата го прекинал школувањето во II клас нижа гимназија и уште од 13 годинисе затворил во грнчарската работилница на татко му.Така грнчарството станува негов занает.Меѓутоа покрај физичката работа Рацин пројавил силен интерес кон своето понатамошно образование.Малку зборувал,многу читал ...и размислувал.Сиромаштијата во неговото семејство и ропството го насочиле на патот кон "силно светнатиот ден....

## ДЕНОВИ

Како на вратот ѓердани
ниски камења студени,
така на плешки денови
легнале та натежнале.

Денови ли се-денови
аргатски маки големи!

Стани си утре порано
Дојди си вечер подоцна,
наутро радост понеси
навечер тага донеси-

ај,пусти да е,пуст да би
останал живот кучешки!

Роди се човек-роб биди
роди се човек-скот умри,
скотски цел живот работи
за други,туѓи имоти.

За туѓи бели дворови
копај си црни гробови!

За себе само ргај си
за себе маки тргај си-
нижи си гердан денови
нижи си алки ковани,

нижи си синџир железен
околу вратот навезен!

# РУТ РУТ РУТ

Еј! Ние сме РУТ.Постоиме отприлика околу една година.Членови сме:Дарац-гитара,вокал Марко-бас и Стефка-тапани.Песните ги пишуваат Дарац и Стефка.Инспирација добиваме од сите работи што се во нас,се што не опкружува,лути,радува...Немаме некоја посебна порака или определен стил на музика до која се придржуваме.Свириме се што не вози,се што ќе ни текне и што ни се допаѓа.Бендови од кои учиме и кои не инспирираат се: BAD RELIGION, SONIC YOUTH, MOTÖRHEAD, VENOM, METALLICA, SEPULTURA, FUGAZI, иако од ниеден од нив не сме попримиле во звукот.Сакаме да звучиме валкано,гласно,и не тргаме по кристален звук.Не фасцинираат гласни и моќни свирки.Ги почитуваме сите македонски андерграунд бендови.Мислам дека сме единствен бенд во Македонија со жена тапанар и затоа сме своевидна атракција на сцена.До сите обожаватели на Стефка порака:"ОсТајТЕ јА на РАат ЗоШТо дАРАц ќе Ве МавА!!!!".НАПРЕД ПАНКЕРИ!!!!!!!!!!!!!!
КОНТАКТ:Стефка(111150),Дарац(515581),Марко(237954)Контактирајте не учтиво,јасно?!!

**ВОЗДУХ:**АВИОН СО ПОЛНА БРЗИНА?,ЧИСТО НЕБО И ОГРОМНА ШИРИНА,СЕ ГЛЕДАМ ТУКА,ЈАС СУМ САМО ПАРЧЕ НЕБО,ЈАС СУМ САМО ПАРЧЕ ВОЗДУХ,ЈАС СУМ САМО ПАРЧЕ НИШТО,ЈАС СУМ САМО ОКОЛУ ВАС,ЈАС СУМ САМО ПАРЧЕ НЕБО,ЈАС СУМ САМО ПАРЧЕ ВОЗДУХ,ЈАС СУМ САМО ПАРЧЕ НИШТО,ЈАС СУМ САМО ОКОЛУ ВАС...**ОГАН И ПЕПЕЛ:**ИСКРИ ОД ОЧИТЕ,ОГАН ОД УСТАТА,СЕ ГОРИШ,СЕ ИНИШТУВАШ,СВЕТОТ ВО ОГАН,МОРЕТО ВО ПЕПЕЛ,НЕБОТО ВО ТЕМНИЦА,ЈАС СУМ ВЕЧНА САМИЦА МАЛКУ ЛУЃЕ,МАЛКУ ЖИВОТ,СЕ КРИЈАТ,ЖАЛАТ,СЕ КРИЈАТ,ПЛАЧАТ,СВЕТОТ ВО ОГАН,МОРЕТО ВО ПЕПЕЛ,НЕБОТО ВО ТЕМНИЦА,ЈАС СУМ ВЕЧНА САМИЦА.РУТ

РУТ.РУТ.РУТ.РУТ.РУТ.РУТ.РУТ. РУТ.РУТ.РУТ.
РУТ.РУТ. РУТ.РУТ.РУТ.
РУТ.РУТ. РУТ.РУТ.РУТ.
РУТ.РУТ. РУТ.РУТ.РУТ.
РУТ.РУТ. Рут.РУТ.РУТ.
РУТ.РУТ. Рут.РУТ.рУт.
РуТ.рУт. РУТ.рут.РУТ.
РУТ.РУТ.Р РУТ.РУТ.РУТ.
РУТI.р РУТ.РУТ.РУТ.
РУТ.РУ РУТ.РУТ.РУТ.
РУТ.РУ РУТ.РУТI.РУ
РУТ.РУТ РУТ.РУТ.РУТ
РУТ.РУТ РУТ.РУТ.РУТ
РУТ.РУТ РУТ.РУТ.РУТ
РУТ.РУТ РУТ.РУТ.РУТ
РУТ.РУТ РуТ.РуТ.РУ
рУт.рУТ.рУт Рут.рУт.Ру
Рут.РУт.Рут рУт.РуТ.Ру



рУТ.РУТ.Ру Рут.рут.ру
Р.уТ.РуТ РУТ.РуТ.РУ
РУТ.Рут.РуТ РУТ.РУТ.Ру
РуТ.РуТ.Рут. Рут.РуТ.Р
РУТ.РУТ.РУТ. РУТ.РУТ.РУТ.Р
РУТ.РУТ.РУТ. РУТ.РУТ.РУТ.РУТ.РУТ.руТ.рУт.Р
РУТ.РуТ.РУТ. РУТ.РУТ.РУТ.РуТ.РУТ.РУТ. Рут.Рут.РУТ.РУТIрут.РУТ.РУ
Рут.РУТ.РУТ.рут.рут.РуТ.РУТ.РУТ.РУТ.рут.РуТ.РУТ.РУТ.РУТ.РУТ.РУТ[I]рут.РУТ.РУТ.РУТ.Р

МАЛКУ ЛУЃЕ,МАЛКУ ЖИВОТ,СЕ КРИЈАТ,ЖАЛАТ,СЕ КРИЈАТ,ПЛАЧАТ,СВЕТОТ ВО ОГАН,МОРЕТО ВО ПЕПЕЛ,НЕБОТО ВО ТЕМНИЦА,ЈАССУМ ВЕЧНА САМИЦА,САМО СТРАВ ОСТАНУВА,СМРТТА ЗА НАС Е ПРЕДИЗВИК,ВИКАЈТЕ,ВИКАЈТЕ,И ТАА ЌЕ ДОЈДЕ....САМО СТРАВ ОСТАНУВА,СМРТТА ЗА НАС Е ПРЕДИЗВИК,ВИКАЈТЕ,ВИКАЈТЕ,И ТАА ЌЕ ДОЈДЕ,ВИКАЈТЕ , ВИКАЈТЕ, ИТАА ЌЕ ДОЈДЕ, ЌЕ ДОЈДЕ.

РУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУ
РУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУ
рутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутррутр
рутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутрутру
РУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУ
РУТРУРРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУ

РУТ РУТ

РУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТРУТР

ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО

ивото потекнува од Египет и Вавилон,каде биле одгледувани првите житарици,ток
а правење пиво,а не за исхрана.Најстарите зачувани документи за пивото ги нап
але Сумерците пред 5000 години и во нив опишале над 20 видови пиво.Египќаните
о развиле производството на пиво на големо за да ги задоволат потребите на дв
от и градителите на пирамидите.И Африканците,Кинезите и јужноамериканските Ин-
ијанци правеле пиво,секој на свој начин,од житарици што им биле достапни.Со по
редство на Грците пивото било пренесено на Иберија,Галија и конечно стигнало
елтите на кои им станало национален симбол.Пиво пиеле и старите Римјани,а во
ниот век најубаво пиво се правело во манастирите,за потребите на уважените сл
беници на религијата(ха,ха...)монасите,мисионерите и патниците-намерници.Низ
еќевековната историја,на разни територии се појавиле пива со најразличен вид,
ја и вкус-толку различни што луѓето од нашето време за некои од нив не би ни по
мислиле дека се пиво.Но,секое од нив е ферментиран алкохолен пијалак направен
ладот на некоја житарица,а тоа е она што пивото го прави пиво.
Сладот,водата и хмељот ги одредуваат основните својства на пивото.Тие се телото
на пивото,а квасецот е неговата душа.Пивскиот слад е изртено зрно на внимателно
одбрани сорти јачмен.При процесот на 'ртење,во зрното се синтетизираат ензими
коишто ги разградуваат скробот и белковините.Постојат разни видови слад,различ
по боја,вкус и содржина на шеќер.Токму таа разновидност овозможува секое пиво
има своја специфична нотка.Се смета дека водата е една од најважните состојки н
пивото.Затоа многу познавачи на пивото велат:"Без добра вода нема добро пиво",а
многу пиварници се фалат со водата што ја користат.Пивото содржи 85-95% вода.Та
вода предходно е обработена на специјален начин,така што минералните соли во не
се доведуваат на ниво идеално за вкусот на пивото.Освен тоа,дали знаевте дека з
производство на еден литар пиво,од 'ртењето на јачменот до првата голтка,пивар
ците трошат и до 7 литри вода.Хмељот е повеќегодишно растение,кое расте и до ви
очина од 8 метри.За правење пиво се користат само женските цветови,на кои им е
потребен многу дожд за растење и многу сонце за созревање.Тие содржат лупулинск
зрнца богати со етерични масла,танин и хмељни смоли.Постојат различни сорти хме
Во пиварниците обично се користи комбинација од горчлив и ароматичен хмељ,на
се должи карактеристичната горчина на пивото и пријатната арома.Хмељот има и ан
тисептичка вредност,а со тоа е природен конзерванс.За повеќето пиварници со дол
гогодишна традиција,квасецот се одгледува во сопствени лаборатории.Тоа е процес
во кој преку размножување на една единствена клетка се добиваат стотици килогра
квасец,богат со белковини,јаглеродни хидрати,минерални соли,масти и витамини.
Особено значајно е богатството со витамини од Б комплексот,содржани во квасецот
Пивото е потполно природен,биолошки урамнотежен производ.Многу експерти тврдат
дека умереното конзумирање пиво поволно влијае врз здравјето на луѓето.Препора
пиво е како од прехрамбена,така и од здравствена гледна точка.Пивото е добар из
ор на енергија по физички напор,ја подобрува работата на бубрезите и ја намалу
можноста за формирање камен,ги ублажува стресовите и делува како природно смиру
вачко средство.Пивото штити од појава на инфаркт на срцето и дава добар сон.Сепа
не треба да се заборави дека пивото содржи и алкохол,затоа да се придржуваме ко
старата мудрост:во ништо да не се претерува!За да го доживеете пивото на вистин
киот начин,потребно е да ги вклучите сите сетила.Многумина го земаат пивото "зд
раво за готово",сметајќи дека тоа нема да понуди ништо повеќе од гаснење жед во
летните горештини и можност за опивање.Но,пивото е многу повеќе од тоа.Најпрво
уживајте со очите и забележете ја бојата.Потоа поминете на мирисот.Секое пиво и
карактеристичен и неповторлив мирис.На крајот,дозволете пивото да ви се лизга н
јазикот,за да ја почувствувате секоја нотка на вкусот поединечно.Тогаш голтнете
и причекајте.Почувствувајте ги вкусовите кои доаѓаат потоа.Доброто пиво не се з
држува долго на непцето.Вкусот на пивото не треба да ве гребе во грлото.Постоја
пива речиси за секоја прилика-леденото е како измислено за плажа,а некои пива м
жат да бидат и одличен аперитив.Зборувајќи воопштено,најдобро пиво е точеното.
Тоа е омилено во многу земји.Пробувањето локални пива е добар начин да ги запоз
наете луѓето во една земја,а тие обично знаат каде се пие добро пиво.НА ЗДРАВЈЕ
(Со мали измени,превземено од "Пиварски весник"бр.1)Само за пивопии!

ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО ПИВО

Кучешки живот

НОВИ МЕЃУНАЦИОНАЛНИ ФИЗИЧКИ ПРЕСМЕТКИ

МЕЃУНАЦИОНАЛНА ТЕПАЧКА – БЕЗ МОТИВ!?

РЕШКАТА СЕ ПОВТОРУВА
ПОУКА НЕ СЕ ИЗВЛЕЧЕ

17-ГОДИШНИК СО НОЖ ПРОБОДЕЛ ДВАЈЦА СВОИ ВРСНИЦИ

СЕ ФРЛИЛ ОД ДЕСЕТТИ КАТ

И БЕБИЊАТА СЕ ПОТРОШУВАЧИ

„КОНЦЕРТ“ ЗА ШЕФОТ НА ДРЖАВАТА?!

Пукал во човек зад грмушка, мислејќи дека е зајак

ОТКРИЕНИ СТЕБЛЕНЦА „КАНАБИС САТИВА“



ЗГОЛЕМЕН БРОЈОТ НА МОЗОЧНИ УДАРИ

О „СОМЛЕЛ“ ПЕШАКОТ,
УРНАТ И БИЛБОРДОТ

# ЗА ХЕМОРОИДИТЕ Е ПОТРЕБНА ТРПЕЛИВОСТ И ДИСЦИПЛИНА

КУЧЕШКИ ЖИВОТ

# ВИЗНИОТ РЕЖИМ КАКО ЖЕЛЕЗНА ЗАВЕСА

## Наместо спасител- работниците добија лубеници!

# ЗАКАНИ СО АПСЕЊА И ФИЗИЧКИ ЛИКВИДАЦИИ

## ЕТИЧКИТЕ И ФИЛОЗОФСКИ ПРОБЛЕМИ НА АРМ

## И ПРИПАДНИЦИ НА АРМ ВО ПРИТВОР!

# ПОЛИЦАЕЦОТ НАТЕПАН, НАСИЛНИКОТ ОСЛОБОДЕН!!!

"ПАТРИОТИЗМОТ СМРДИ"

од Меноски Рубин

Зад ѕидот од разурнатата куќа бевме шестмина,остатокот од четата беше
распореден низ останатите куќи.Главнината беше сместена во џамијата,
единственото место што беше со покрив.И на неа и фалеше еден ѕид,но
барем го запираше дождот.До мене седеше Златко,заедно потпрени на
со пушките вперени во хоризонтот.Се знаевме уште како деца,но почнавме
да се дружиме во средно,кога дојде од Е.М.У.Ц.,го избркале па дојде
во М.У."Гоце Делчев",II2,во мојот клас.И двајцата имавме долги коси,
единствени во класот,слушавме иста музика,слично се носевме,па најдовме
заеднички јазик.Од тогаш станавме како браќа.Брзо се спријатели и со
моите двајца најдобри другари,Орхан и Илир.Орхан бешером,Илир албанец,
јас македонец,а Златко влав.Бевме чудна комбинација,некои луѓе од
населбата каде што живеевмесе чудеа,но на повеќето им бевме како трн
во око,и заради имиџот,и заради мешаните националности.Нашите врсници
не одбегнуваа,па така го зацврстивме нашето другарство.Се што имавме,
делевме.Еден ден се се скрши.
Уште збунети,мене и Златко не однесоа во камион близу до аеродромот
ни рекоа дека тука било местото за евакуација во случај на војна.
Ни дадоа воена опрема,ни зборуваа дека Македонија требало да се брани,
да се прегазат албанците,демек после ќе сме биле слободни.
С

Со Златко мислевме дека ова е некој лош сон,но не беше така.Веќе
следниот ден не однесоа некаде накај Дебар.По неколку месеци се
сретнавме со еден познаник од населба кој ни кажа дека Орхан со
семејството побегнал накај Германија,Илир отишол со востаниците,
а нашата населба била скоро цела разурната.Ние двајца бевме во
заднина,па уште немавме испукано ниту еден куршум,за среќа.Но,
ете вчера нашата чета падна во заседа,па моравме да се засолниме
во ова село.Четата ни е преполовена,непријателот е секаде околу
нас,а и ова пусто невреме,истура дожд,како од чешмаџа течеше оваа
вода,која врќе навлезе дури и до коски.Востаниците беа на стотина
метри од нас,закопани во ровови,сигурно и нив ги мачи дождов."Изг-
леда Илир е таму пред нас"-ми шепка Златко."Му го чувствувам мири-
сот,и тој знае дека сме тука.Озбилно ми велиш?Абе,скоро сигуренсум.
Ту бе,во другар треба да пукаме,ако вчера тревка да пушевме".Јас
само немо го спуштив погледот и се загледав во една скршена цигла.
И тој замолче,погледна кон тмурното небо,како да бараше одговор.
По некое време пак прозборе:"Слушај,а што мислиш сега да бевме
сите четворица кај мене во шупата,а?Ти ќе виткаше некој џоинт,
јас ќе точев вино,Орхан ќе зборуваше глупости,а Илир ќе бараше
некоја станица на радиото на дедо ми.Еј,божји рај.А не вака,на
дожд накиснати,мртви трезни,па дури и пушки ни дале."
И пак замолчуваме и двајцата,го слушаме дождот што удираше во
вировите што сам ги направил.По едно време како да ми светна
нешто,и се свртев накај Златко:"Абе слушај"-па правам пауза.
"А да си одевме накај дома!?Доста беше,долго време сме со пуш-
киве,а и смрзнав.Ајде,што!?,време е."Златко ме погледна со искра
воочите,и се насмеа.После долго времеја видов неговата прекрасна
искрена насмевка.Како цело време да ги чекаше овие зборови.
"Вистина,добро велиш,Ќе го собереме и Илир и ќе отидеме во шупата,
и Орхан ке дојде."И двајцата пресреќни,како да ја откривме Америка,
станавме,ги фрливме пушките и шлемовите и излеговме од рушевините!
"Еј,каде бе!?2"-викна еден од војниците."Да го викнеме Илир па накај
дома.Доста ни беше војна"-му возврати Златко."И Орхан ќе дојде."
Јас почнав да викам по Илир."Илир,Илир,еј,ајде накај дома.Еј ќе
одиме во шупата на Златко,и Орхан ќе дојде."По неколку чекори и
довикувања,од рововите од спротива се појави еден човек,ја фрли
пушката и шлемот и тргна накај нас.Тоа беше Илир.Тргнавме и ние
накај него,и тогаш на дваесетина метри од него се слушна истрел.
Златко ме фати за рака и падна наколеници.Збунето ме погледна:"Абе
Тони,лошо ми е,ме болат градиве."-ми рече со полна со крв уста и
падна на стомак во калта.Притрча Илир,двајцата клекнавме до него
и го превртевме на грб."Ајде бе Златко"-му викам бришејќи му ја
калта од лицето."Ќе одиме во шупата,од виното ќе ти помине."Тој
гледаше кон небото со отворена уста од која течеше крв.СЕ
погледнавме со Илир и иако врнеше му видов солзи во очите.

Потоа чувме неколку рафали од двете страни и паднавме врз Златко.Осетив страшна болка во вратот и стомакот.Илир очајнички ја пружи раката кон мојот врат за да ја сопре крвта,но таа му се лизгаше низ прсти.Само уште го чув како испрекинато ми кажува:"Ќе од....име до....м....ма." и раката безживотно му падна до мене. (18.12.1998год.)

СРЕДБА СО ТРАДИЦИЈАТА ИЛИ ПОЛНОЌНИ ФИЛМОВИ НА ЕДЕН САМОУБИЕЦ

Квечерината секогаш ја мразев.Секој пат кога ќе ме начекаше во станов како да влегував во друга димензија,ми ја растураше монотонијата и "монархијата" што си ја создадов.Влегуваше од секаде,од под врата, низ клучалката,низ оџакот,од прозорите.И кога го исполни цел стан почна шоуто,тешкиот воздух кој се трупаше цел ден помешан со никотин почна да се престорува во многу духови кои со своите долги нокти ме бркаа низ станот,сите предмети почнаа да се вртат околу мене,огледалото чудно се искриви,кога сепогледнав внатре имаше чудовиште,и слушалката од телефонот збудале,наеднаш рипна од своето легло и почна толку силно да се удира од ѕидот што направи дури и дупка во него.Се исплашив.Секој пат ова се случуваше,но секој пат беше различно,и секој пат го доживував како прв пати секој пат се преплашував до смрт и едвај бегав.И сега сакав да избегам.Го земав полуиспразнетото шише "ШТОК2 и тргнав кон вратата. Но кога пружив рака кон кваката таа почна да бега.Почнав да ја бркам низ станот и таман да ја фатам,масата ми направи сопка и се испружив на подот,а кваката се скри зад шифоњерот.Решив да ја скршам вратата. Се затрчав со сета сила,но кога дојдов до неа таа сама се отвори.Немав време за кочење и се стркалав по скалите од зградата.Конечно излегов. Иако се ме болеше,а и шишето ми се скрши,јас бев среќен.Сакав да запалам цигара,но сум ги заборавил во станот,ама не ни помислив да се вратам таму,барем не додека не се стемни убаво,таму се случуваат чудни работи. И тргнав по улицата гледајќи кон темносивото небо кое како да ми се смее во лице и ликува од среќа."Пуста квечерина,за се си ти крива.Кај баш мене ме најде,да ти ебам баксузот."-реков во себе вадејќи еден жолто-кафеав шлајм и го залепив на асфалтот.

X X X

Купив вино,цигари и кибрит во продавницата во која обично пазарам и седнав на една клупа близу до детското игралиште во паркот.Тогаш ми текна дека ја немаше девојката која работи во продавницата,со која обично флертував по малку кога купував нешто,а таа секогаш срамежливо се смееше и и се покажуваа снежно белите заби,но никогаш не одев подалеку од тоа бидејќи имаше ужасно голем нос и клемпави уши.Навистина имаше прекрасно сини очи и снежно бели заби,но секогаш во средината беше таа планина од нос што никако не можеше да се заобиколи или да не се види,а ушите и покриваа скоро половина од рафтовите со производи позади неа,но сепак имаше нешто магично во неа,можеби огромните гради кои ги носеше со два пара прслуци.Но сега беше на работа тетка и,таа изгледа беше прва смена.А си личеа со тетка и само што на оваа градите и беа до папокот,ушите и беа клапнати надолу,а носот и беше накривен надесно,изгледа на таа страна спие.На игралиштето обично имаше многу деца,но сега беше празно.Немаше никој.Сеслушаше само цврцорењето на по некоја птица и ветрот кој тивко ги тресеше гранките и листовитена нив кои како да ми ги милуваа ушите.Убаво беше тука,мирно,ме смируваше, немаше тука кваки кои трчаат низ станот и огледала што продираат во душата.Не знам што се случуваше со мојот стан,ова беше чист апсурд, обично за се наоѓав некое логично објаснување и го прифаќав,но ова беше премногу.Еднаш помислив дека ми се причинува,но следната квечерина се разубедив кога столот почна да ме брка низ станот и ме удираше со ногарките во задникот.После тоа носев модрини цела недела.Немав пријатели во овој град,бидејќи кога се доселив дојдов право во овој стан и овие,незнам веќе како да ги наречам дали случки или секојдневие, почнаа само една недела подоцна.Им раскажував на неколку луѓе што ги сретнував пред продавницата кога пиевме,но сите слатко се смееја и ми рекоа да намалам со пиење,кај психијатарот резултатот беше ист,а дури и ми даде упут за преглед во "Бардовци".Но не беше проблем пиењето, ете еден ден станав порано,бидејќи си легнав скоро трезен,и решив цел ден да не се напијам ни грам алкохол.И замисли,квечерината ме фати лежејќи на креветот,читајќи некоја книга.Иако ги затворив добро сите нејзини влезови,дури и ролетните ги спуштив,лесно ги оттурна сите пречки и влезе внатре како фурија.Изгледаше многу луто.

И тогаш стана права лудница.Креветот почна да рипа како разјарен бик,
се чувствував како да сум на родео,и не престана се додека не ме
исфрли на подот.Тепихот како да беше приклучен во штекер,така ме
испржи ко струја што одма рипнав на нозе и се залепив на шифоњерот,
а тој извади од негде четири раце и ме фати за раце и нозе,а потоа
извади уште две и почна да ме голицка под мишки и и по слабините.
Смеата помешана со стравот и болката звучеше како параноично ври-
штење за помош на некој лудак врзан за електричен стол.Едвај се
ослободив од канџите на шифоњерот,и таман да се стрчам кон вратата
слушнав шкрипење што наликуваше на силно стенкање.Кога се свртев,
што да видам,масата превртена наопаку и две ногари и беа раширени,
а другите две и беа околу креветоткој беше над неа и мрдаше со зад-
ниот дел горе-долу,личеше како страсно да водат љубов.Околу нив беа
наредени чашите,тањирите и тенџериńата и сите насмеани со лиги во
устите ги гледаа.Една чаша ме примети дека и јас ги гледам и летна
брзо кон мене.Во последен момент се наведнав и таа летна низ прозорот,
тоа го примети столот и се  стрча кон мене.Но јас не губев време и
веднаш ко да летнав кон вратата,ама кога пробав да ја отворам,таа
толку силно се отвори што ме залепи за ѕид,потоа ме удираше уште два
три пати додека не ми пушти крв од носот.Столот стоеше од страна и
слатко се смееше.Кога паднав на подот,зашеметен од ќотекот,тој рипна
врз мене и почна да ме јава.Некако го отфрлив и го лупнав со сета с
сила од ѕид,но тој не се скрши,само болно зашкрипе.Тогаш сите предмети
луто ме загледаа,мислев дека сите наеднаш ќе рипнат врз мене,но се
свртев и ја видов вратата отворена,од вчудовиденост,и го искористив
моментот и истрчав надвор од зградата и седнав на тротоарот малку да
се смирам.Потоа отидов во продавница и земав три вина и кутија цигари.

X X X

Полната месечина беше расечена од гранките.Птиците веќе престанаада
црцорат,се слушаше само гласот на еден був недалеку од мене и брм-
чењето на по некоја кола што случајно ќе поминеше по стариот асфалт.
Го кренав виното и гледам останале уште 4-5 голтки,отпивам две и па-
лам цигара.Сега релативно смирен почнувам да размислувам за статијата
што треба да ја напишам за весникот.Веќе сум при крај со парите,ќе
треба да напишам повеќе зборови,со нив треба и кирија да платам.А што
да пишувам за алкохолизмот кога веќе се е напишано и се се знае,нон-
стоп по сите медиуми само за тоа трубат.А да пишувам за алкохолот ли-
чно,всушност дали некој некогаш го прашал што сака тој,дали сака од-
реден тип луѓе,дали има предрасуди за црнци или жени,дали му сметаат
неизмиени заби,дали сака да го пијат од чаша или флаша и др.Но има
толку многу видови алкохол,не можам да пишувам за сите во исто време.
Денеска ќе пишувам,ако не за виното и така ми е при рака.Туку ова ми
при крај,да го допијам ова па ќе земам друго,со него ќе направам до-
бро интервју.Допивајќи го виното ме покри сенка од еден многу висок
човек,од светлината на светилката позади него не можев да го видам
убаво па тој како да се сети,застана пред мене."Може да ти се прид-
ружам?"-ме праша.Тоабеше човек на околу 40-тина години,имаше остри
црти на лицето ,со прав нос на врвот зашилен.Беше чудно облечен,има-
ше црвен шешир со плава лента,на вратот носеше жолт шал,долгиот ман-
тил што му завршуваше до потколеници сигурно беше носен10-тина години,
имаше изветвена кафејава боја,носеше ѕвонарки и некои стари евтини
патики."Може да ти се придружам?"-повторно праша."Одамна го чекам овој
момент."Кој момент?"-збунето прашав."Па овој,оваа месечина,овој град,
овој парк,оваа клупа,овој ден,оваа вечер,тебе."Мене?"Да,да се напиеме
малку.Ама само што го допив виното.Нема проблем,и дури тогаш ј а
приметив торбатаво деснатарака.Од неа извади 4 литри црвено вино,ги
стави на клупата и седна."Ама јас не те поканив да седнеш.Да а ма
не сакаш ни да ме одбиеш,знаеш,со виното се стекнуваат многу добри
пријатели,виното ти е света работа.Да ама и лицемери;ми текна на
пијаниците од пред продавницата."И лицемери;повтори по мене,ама ако
пијат само за да се опијат.Епа добро,и така немам што да изгубам.
Го кренав виното и се напив неколку добри голтки."Јас сум Даниел"-
и ја пружив раката за да се запознаеме."Знам"-рече,а јас се збунив.
Многу ми беше чуден овој човек,се однесуваше некако надмено,но при-
јателски,и како цело време да му лебдеше насмевка на лицето,но очи-
те не му се смееја,тие беа сериозни,цело време полу затворени.

Јас ништо не можев да видам во нив,но тие гледаа многу во мене,продираа внатре,можеби го бараа чудовиштето од огледалото или пак човеков има вродена мана."извини,а да не бараш чудовиште?"-го прашав директно.Ха,ха,ха-се изнасмеа слатко."Не,не барам чудовиште.Барам дете,збунето дете,и еве тебе те најдов.Мислиш дека сум дете?,се намуртив.Да,се гледа.Е по што се гледа?-го прашав испивајќи дел од виното.По очите-рече испивајќи поголема голтка од мојата.По моите очи?-пак прашав испивајќи голтка поголема од неговата.Не,по моите,гледаш полузатворени се-рече мирно и испи поголема голтка од мојата.Па што-реков пробувајќи да звучи ладнокрвно,но целиот желудник како да пробуваше да ми излезе низ уста од премногу вино што испив наеднаш,но се заинатив и испив голтка поголема од неговата.Па гледаат внатре,и тебе ќе ти се затворат,еве веќе почнале,ама треба да бидеш само дете,а не збунето дете.А може и да ја прекратиме оваа игра со виното зошто веќе испивме скоро по 1кило за за брзо време,па може да ни се слоши,и испи голтка поголема од мојата.Му остана уште малку вино на дното."Значи не ти е вродена мана,а.А да знаеш и дека не сум збунето дете, можда дете,ама збунет не,добро сега имам една мистична неразјаснета работа(станот),ама не може само поради таа работа да се дефинирам како збунет."И го допив моето вино,но тогаш се случи нешто страшно:Нешто во стомакот почна да мрда,одеше лево па десно,па нагоре па надолу,па почна да се врти во круг,па како да сакаше да излезе.Еј,?!Изгледа го најде излезот. Самоуспеав да се свртам зад клупата и го повратив виното и нешто од"Штокот" "Ти реков да прекратиме со играва,отиде толку вино за џабе,!"-рече кога седнав на клупата."Абе ти почнуваш да ме нервираш,па што ако отишло толку вино,вино никогаш нема да снема,а вака е и поинтересно,одиш до крајните граници и продолжуваш пак напред,си чул ли бе ти за игри без граници?А знаеш и дека не размислуваш баш детски,-му реков сега надмено."Нема врска,тоа го зборуваш само зошто си збунет и не знаеш.Аха.-реков цинички. А извини,како се викаше ти?Даниел.Е сега се збунив,ама брзо се прибрав. Ти сега ме зафркаваш бе.Не бе,навистина.И ја извади личната карта,дури и презимињата ни беа исти.Е сега навистина се збунив,земав добра голтка вино и запалив цигара за да се смирам."Добро за личнава карта ќе ми треба, малку повеќе време за да го сварам,туку за тоа што не знам,баш ти беше сувопарен,идентичрн одговор на постар човек што ја брани својата позиција, со неговите демек години со искуство,а всушност си подпаднал под влијанието на луѓето,или човекот на кој му одговара таквото размислување за да те контролира.А знаеш,човек има право да избира,нели?!Еве пример,ти си избрал да подпаднеш под тоа влијание,додека јас избирам помеѓу тоа што сакам да го знам и помеѓу тоа што не сакам да го знам.Направив пауза пиејќи вино и земав неколку димови од цигарата.За тоа време Даниел внимателно ме слушаше и гледаше,дури и очите му се подотворија.И таман да продолжам,тој: почна:"Е добро,а што ќе кажеш ако ти кажам дека ти си 19-тиот Даниел Стојковски,дека јас сум 18-тиот и дека овој муабет се прави 18-ти пат во овој парк и дека сите завршуваат исто.И се почна кога ја изградија зградата во која живееш,во 1819год. кога се всели првиот Даниел Стојковски, баш во станот кај што ти живееш,кој исто така имаше проблеми со неговите предмети што рипаа низ станот.Живееше таму точно 2год. како и останатите по него,исто и како јас,а потоа се преселил во станот каде што јас живеам, и по 18год. случајно се вратил во овој парк и го сретнал вториот Даниел, кој живеел во неговиот бивш стан,а го сретнал на ова место,само тогаш имало друга клупа,кај што овој другиот го допивал виното.Првиот Даниел имал 4 вина со себе па седнале да ги испијат.Кога вториот Даниел му ја кажал својата приказна за столиците и масите во неговиот стан,првиот Даниел му ја раскажалнеговата приказна на вториов Даниел не сакал да му поверува,кој бил исто годиште како тебе,исе разделиле рано изутрина бистрејќи политика баш како што ти ми зборуваше.Утредента првиот Даниел се самоубил,рипнал од камениот мост,а овој вториот бегајќи од неговиот луд стан за 2-3 дена несакајќи се вселил баш во станот на првиот Даниел,и се така се повторува 18 генерации."И чекај сега-конечно дојдов на ред;Значи ти утре ќе рипнеш од камениот мост.Па традицијата мора да продолжи."Ти бе стварно си будала или тука ми правиш полноќни филмови!?

X X X





и така се расправавме за многу работи дури до утринските часови кога изгреа
тонцето.На многу работи не се сеќавам,ми се помати меморијата,изгледа од ви-
ното,ми текнува само дека земавме уште 2 кила вино и дека 2 пати се стркалав
по скалите во мојата зграда додека да влезам во станот.Станав околу 4 часот
попладне со страшна главоболка и одма излегов надвор зошто квечерината беше
на повидок.Денеска не можам да ја издржам.Јадев во една сендвичара стонирајќи
загледан во цвеќето пред мене,размислувајќи за разликите меѓу мене и него во
овој момент.Ги немаше многу.Моите филозофски мисли ги разбрка друштвото на
соседната маса кои возбудено зборуваа за некој човек кој сабајлево рипнал од
камениот мост и телото веќе не му испливало.Тогаш ми текна на Даниел и вче-
рашниот муабет.Ми застана залакот во грло,се закашлав и истрчав во вецето
и го исповратив сендвичот.Потоа во шок отидов во продавница и земав вино.
Се вратив дома касно вечерта.Сабајлето отидов да купам весник и внатре што
ќе видам:"Извесниот Даниел Стојковски рипна од камениот мост."Шокот се зго-
леми,ми требаше вино.Со виното седнав на истата клупа во паркот и размис-
лував што сега.Да побегнам од станот мораше,но каде?Станот на Даниел сега е
празен и ако барам стан во градов има шанси да налетам на него,а ако беше
вистина тоа што го зборуваше тогаш сигурно ќе налетам на него.А ако избе-
гам од градов,ќе ја прекршам традицијата.А и не беше лош човек,изгледаше
мудро и добро поднесуваше вино,можеби не ќе е лошо да станам како него,а и
својот наследник ќе го видам.Ама па од друга страна,таа приказна веќе ја
знам,кој ги ебе,одам за Јамајка. VIVA LA REVOLUTION!

МЕНОСКИ РУБИН


M.F.T. #05

B. DAMAGE / CRIPPLE BASTARDS

-split tape-

-young Macedonian experimental band with some old stuff alongside with Italian noise / grind legends presenting 16 live tracks-



000000"000666

GJUROSKI VASIL
BUL. AVNOJ 88-1/5
91000 SKOPJE
MACEDONIA / EUROPE

E-MAIL: VASILG@HOTMAIL.COM

TRADES ARE WELCOME
NO RIP OFF!!!

DO IT YOURSELF

PRICE:
60 den. MKD
3$ ppd EUROPE
4$ ppd WORLD


## ЕВОЛУЦИЈА.

Отвори ги книгите
отвори ги очите
прочитај за сите порази
на твоите предци
Затвори ги книгите
затвори ги очите
остана како нив
научи да губиш
Како твоите предци!
Затоа заспи
и не се буди
додека не научиш
додека не разбереш
дека посраа се
беа и направија
машини за убивање
посери го наследството
генот за
САМОУНИШТУВАЊЕ
Затоа размисли
сакаш ли и ти?
исто да продолжиш
како твоите предци...
ТК.СК.

ВАЈЦА
..(шестмина,...десетмина...илјада...)
си,околу мене,и ме следиш
околу
слам дека е,во ред
ој бол,што го носам со себе
жам да бидам

олку далеку
омогни ми
а се ИЗГУБАМ
Јас си имам свое,правило
И графити на ѕид
Таму негде е,предозирано
И кажи ми,дали е потребно
Можам да бидам

Толку далеку
Помогни ми
Да се ИЗГУБАМ
SuñS (1992)


DISTRIBUCIJA
FANZINI,KASETI,PRIŠIVKI...
c/o NIKOLIĆ DRAGAN
UL. JUŽNOMORAVSKI BRIGADI 5/8
91000 SKOPJE MAKEDONIJA
TEL. 091 510-108


## ДОМАШНА СЦЕНА

Менаџери профитери
уметници работници
новинари господари
ценат ако носиш пари
Почнуваш од подруми
таму и ќе завршиш
лавиринт од крвопии
без крај почетоци
Млад и надежен
засекогаш ќе останеш
полни им ги џебовите
дур не кажат да престанеш
СВИРЕТЕ за да ве собираат
по младински домови
ТВОРЕТЕ за да ве третираат
како нивни робови.
тк.СК.

петок,29.?9 часот.Скопје.Се движам по плоштадот.Има многу луѓе.Претежно млади
Многу млади.Повеќето од нив седат на "кругчето",а останатите или стојат,или
пак седат на клупите кај телефонските говорници.Речиси сите пијат нешто,и раз
говараат.Има и такви кои само седат и молчат,или само зјапаат по другите.
Неколкуте наркомани и ситни дилерчиња на марихуана или "хепи"упорно се врткаа
таму иако повеќето луѓе не се баш поласкани од нивното присуство.Дури ни при-
суството на полицијата не ги загрижува.А и кој ги знае.Можеби работат заедно.
Досадно и опасно.Продолжувам да се движам и стигнувам на кеј.И тука има многу
луѓе.Испоседнати се на скалите и ги гледаат скејтерите.Се загледуваат и меѓу
себе.Седнав.Пред тоа се поздравив со сите познати.Како и обично,се зборуваше
за музика,скејт,тетовирање,пиење,дрога,фудбал...Станав.Пред тоа се збогував со
сите познати.Продолжив да се движам и стигнав на "коцка".И таму имаше луѓе.Пи-
јеа пиво.И мене ми се припи па затоа позајмив еден велосипед и отидов да си ку
пам.Се вратив,седнав и се вклучив во разговорот што го водеа луѓето.Нешто за
женски.После 10 минути почнаа да зборуваат за машки и за животни,па си отидов.
Продолжив да се движам и го сретнав Влатче.Како и обично носеше плочи и не за-
борави по милионити пат да ме праша зошто ми се распадна бендот и дали ми тек-
нува кога имав долга коса,и зошто се ишишав,и дали се подобри "Експлојтед" или
"Рок Агресори".Му одговорив така што ги задоволив неговите очекувања,се поздра
вивме и се напуштивме,се разбира до наредната средба.Не ни забележав кога сти-
гнав на "Форум".Некој ми подаде шише вино и ми рече да се напијам затоа што му



било роденден.Се напив, му го честитав роденденот,и си отидов.
Ми се приспа.Решив да проверам што се случува пред "Мики",на "Стара",и на
"Бомба",малку да се промувам таму,па после да си отидам.Отидов и на тие места.
И...што знам?!Ми се приспа повеќе.Си отидов по кој знае кој пат вечерва.На
враќање поминав пред"леџи",и погодета што?Се разбира пак си заминав.Поспаноста
многу брзо ме однесе на автобуската.Пола саат чекав автобус,но автобусот го
нема.Решив стоте денари што ми беа во џебот да му ги дадам на еден таксист за
да ме однесе побрзо дома.Подоцна кога веќе бев во мојот кревет се радував за-
тоа што барем нешто добро ми искочи вечерва.Во мисијата "Побрзо Заспивање" ми
помогна Марли Боб со сите придружни работи што одат со него.Сонував убаво!
Се разбудив во 8.00 но повторно си легнав затоа што немав каде да одам.Не раб-
отам,не учам,немам девојка...Ги отворив очите точно во 13.00."ОИ ПОЛОИ" ми по-
сакаа пријатен ден.Продавачот во продавницата кај што купив леб беше фацата
која уште еднаш ми докажа дека пријатен ден не се поминува баш така лесно.Иди-
от!Но не е крив само тој.Неговите господари,парите.Многу заебана работа.Имаат
милиони лица.Најчесто на политичари и војници,а знаете какви се тие.Казнуваат.
Па што!-би рекол секој чесен човек.Но за жал чесните луѓе се реткост.Тоа се
оние кои и покрај сите глупи наредби на политичарите и војниците,остануваат
свои на свој начин,за жал непознат за многумина.Зошто?Затоа што многумината
размислуваат како и сите други кои се дел од многумината,ОГРАНИЧЕНО!Секогаш
нештата ги гледаат од еден аспект.Наложениот,проверениот,дозволениот,истиот.
Добро,тие се такви какви што се.Но тоа не значи дека чесните луѓе треба да се
помират со тој факт.Знаете,понекогаш и обична насмевка го отвора патот кон
слободата и себеспознанието.Сепак да ја видиме реалноста.Немаштија,лицемерност
стереотипност,зависност,подреденост,вооруженост,зараженост,конфузност,страв,
очај,затвореност,изолираност,неукост,и најстрашното...помирувањето со тоа.
Кога завршив со овие размислувања продолжив да се движам со автобус.Приватен.

Многу гужва,многу глупава музика, многу неудобни седишта,многу намуртени лица,
многу споро движење.Затоа се симнав неколку станици порано.И сега што?Продол-
жувам со движење.Гладен сум.Ми текна дека дома заборавив да јадам.Е така ми
треба кога дозволувам да мислам на глупости,на туѓи глупости.Престанав да се
движам.Не седнав туку само застанав.Ги ставив рацете во џебовите за да прове-
рам дали имам пари.Се разбира дека немав,но не дозволив тоа да ме налути.Си
реков самиот себеси:"Еј,гладен си.Тоа е твој проблем.Твоја глупост.Нахрани се.
Снајди се,но не заморувај други.Знаеш како е кога се занимаваш со туѓи глупос-
ти."Кога сватив дека сум во праводеднаш се свртев и продолжив со движење.Како
никогаш до сега.За околу 40тина минути бев дома.О не,пак само ајвар,не.МОЛЧИ!
Тоа е твој проблем.Да сакаше ќе имаше и друго.Сам си виновен за тоа-ме преко-
ри мојот добар и храбар разум.Се најадов,седнав,легнав и заспав.Се разбудив,
се насмеав,се поздравив со моите и продолжив да се движам.За прв пат во жи-
вотот со цел,одговорност,самоконтрола,самокритика,сила,љубов,стрпливост...
Еј,па јас живеам на убава планета.Продолжив да се движам...
ТК.СК.

# VARNA ВАРНА
## hardcore

За прв пат во "КАКА" ќе можете да прочитате нешто за странските сцени,конкретно за сцената од Варна,Бугарија.Незнам дали оваа "рубрика" ќе продолжи ,но ги запознав повеќето луѓе од Варнанската сцена и сега знам дека таму има супер сцена. Доколку некој сака да ги слушне овие бендови,нека ми се јави за да ги добие...







Со задоволство ќе ви ги претставам групите од Варна кои се активни во моменто
Ќе започнам со "INDIGNITY",затоа што моментално тоа е најстарата група во Варна
Свират од крајот на 1995 год.Имаат издадено демо и една слит касета со "OUTRAGE"
Стилот им е олд скул хард кор,а текстовите им се со социјален карактер.Следнат
група е "OUTRAGE".Свират од 1996 год.Истотака свират олд скул хард кор,но со м
огу влијанија од Њујоршката сцена.Единствено нешто што издале е сплит касетата
со "INDIGNITY"."BFH"свират смеса од олд скул,њу скул и емоционален хард кор.
"NOT BROKEN IN SPIRIT" постојат од средината на 1997 год.Негуваат олд скул стил,има
ат издадено едно демо ,кое се вика "IS THAT THE NATURE".Тоа е групата која повикува
на обединетост,пријателство,лојалност...најважните нешта во хард кор движењето.
"ANOTHER DAY" постојат од почетокот на 1999 год.Свират неверојатна мешавина од
сите видови на хард кор со треш елементи.Други групи вредни за спомнување се
"NEVER AGAIN"и"SUNSHOWER",кои се релативно нови групи.За крај еве ви ги и адресите
од овие групи.Контактирајте со нив доколку ве заинтересира ова инфо.

Indignity - Христо Игнатов, кв.Възраждане, Бл.40 вх.1 ап.31, Варна -9000.
Outrage - Живко Манев, ул."Страхил" N8, ет.3 ап.7, Варна - 9000
BFH - Стоян Стоянов, ул."Пушкин" N16, Варна - 9002
NOT BROKEN IN SPIRIT - Николай Брайнов, кв.Възраждане, Бл.49 вх.2 ап.45, Варна - 9000
ANOTHER DAY - Станислав Николов, ул.Тодор Влайков N53, вх.г Ап.31, Варна - 9008



Забрзан и отсутен
преобразуван, необразуван, неоформен
официјален кон предметите
оддалечен од нуждата
Природа и кафез
сеедно или заедно
премногу долго
а кратко за паметење
И така нема кој да верува
доживуваш и заборавааш
сеедно или заедно
премногу еднобојно за уживање
Миленик и пријател на досадата
капетанот последен си оди
Залудно! Погина посадата
Сеедно или заедно
премногу недостојно за уживање
Растење и скапување
заборавање, продолжување
одложување, завршување
ЗАСЕКОГАШ!!!!!!

ТК.СК.(+10.04.2000+)

Цел ден
пробај да разбереш
целосно следење
будност
спиење, кога треба
организам, точен и приврзан
обострана лојалност и љубов
Чувства
ставови-цврсти, бистри, проверени, докажани
изглед, природен
контакт, позитивен
Дијагноза: МИР!
Др. ТК.СК.

ГЛУВОНЕМИОТ ТЕ СЛУША

Не бев свесен
Дека новиот свет дојде
Ме допре епидемијата
И го примив стравот
Се навикнав брзо
На новите комплекси
И чекав на небото
Илузиите да се стварност
Глувонемиот-ми треба
Глувонемиот-ме слуша
На тажното-глувонемиот
Глувонемиот-се смее
Ни тој не е свесен
За новиот свет
За него се е исто
Епидемијата е ништо
Воопшто не е чуден
И не е за потсмев
Затоа што тој веќе ја има
Доживеано вечноста
Јас сум претставник
на мојата сорта
Има уште многу
исти како мене
Стравот ни е закон
Но се правиме силни
Затоа е најлесно
Да се зборува со него

ТК.СК!

Дезертер

Господине претседателе
ви пишувам писмо
можеби и ќе го прочитате
ако за тоа најдете време
Штотуку добив воена покана
воена покана
да одам во војна
наредната среда
Господине претседателе
не сакам да одам во војна
не дојдов на овој свет
да убивам други луѓе
Не сакам да ве лутам
но морам да ви кажам
дека донесов одлука:
Ќе ДЕЗЕРТИРАМ!

Откако дојдов на овој свет
видов како умира мојот татко
видов како си одат моите браќа
и видов како плачат моите деца
Мојата мајка се напати
таа е веќе во гроб
и од таму им се потсмева на бомбите
им се потсмева на црвите
Кога бев во затвор
ми ја земаа жената
ми ја земаа душата
и целото мое мило минато
Утре рано ќе ја треснам вратата
ќе ја оставам зад мене
веќе мртвото минато
одам на пат
Ќе просам за живот
по Француските патишта
по Бретања и Прованса
и ќе им зборувам на луѓето:
"Откажете им ја послушноста
одбијте
да извршувате наредби
не одете во војна"
Ако треба да пролевате крв
пролевајте си ја својата
вие кои се сметате за великодушен
господине претседателе
Ако одлучите да ме гоните
кажете и на вашата полиција
дека нема да бидам вооружен
и дека можат да пукаат.
Борис Виан, француски поет (1920-1959)

Шест таги и една среќа
за да продолжам
со се што не е доволно вредно за вас
немите набљудувачи на човековиот циркус

Кралицата планета предупредува
и плаче
но, не од среќа
Дојдете.........!
Видете ја нашата мајка падната на колена
Ја обори неподносливиот мирис на неисполнетост
Кралот фрустрација доби уште еден херпес
Принцот МИР е уште погрд од порано.......ха, ха, ха....

ТК.СК.

## ЖИВИТЕ ФОСИЛИ

Дојдов за да бидам со лицемерите
Да им го подарам своето време
Да зборуваме отворено за целите
За она што мислев дека не може да ми се земе
Постојано на нешто сѐ жалат
Тие се несватената авангарда
Филозофските теми навистина ги палат
Се трудат да ја истакнат својата дарба
Боже!Па тие знаат да трогнат
Лажната харизма во круг ги води
Прикриен е комплексот"Сакам да сум познат"
Но,тапкањето по рамо најмногу им годи
Збунетиот поглед навистина лаже
Секогаш го паѓам тој тест
На се има одговор,се знае да каже
Лицемерот ја знае и најновата вест
Раскажуваат недочитани книги
Анализираат светски војни
Решаваат туѓи бриги
Вешто ги кријат лицата двојни
Нивниот сој несомнено е вечен
Чувајте се од живите фосили
Вистинскиот збор со нив е спречен
Насекаде чекорат лицемерните дебили

ТК.СК.

## ВИНОВЕН ЗА ШТО

Виновен за што,не сум јас војни
виновен за што?,па да
Виновен за што,не војувам со ни
виновен за што?
Виновен за што,затоа што сум ја
виновен за што?па да
Виновен за што,не сум како вас.
ВИНОВЕН ЗА ШТО?
Виновен за што,не сум јас за кр
виновен за што?па да
Виновен за што,неќам нова земја
виновен за што?па да
Виновен за што,не верувам во ва
виновен за што?па да
Виновен за што,јас бегам од вас
ВИНОВЕН ЗА ШТО?
Виновен за што?
Затоа што сум јас фрлил
атомска бомба,а?
Да не сум убил некого случајно?
Да не сум отрул,а?
За што сум јас виновен?
Дека некој друг ја руши
оваа ебена земја,
дека го уништува некој друг
и руши овој ебен свет...
ЗОШТО СУМ ЈАС ВИНОВЕН?
Виновен за што,не сум како вас
ВИНОВЕН ЗА ШТО?Па да!

Перса(N.P.S.)

## СИТЕ ОБИЧНИ ЛУЃЕ

Јас знам дека е глупост
Јас знам дека е сон
Јас верувам во чуда
Јас верувам дека знам
Сите обични луѓе
Ја бркаат својата судбина
Пазат на себе
На своите дејствија
Живеам свој живот и среќен сум
Не сакам и не можам да избирам
Давам што имам и немам
Сакам да спијам да го заборавам
ВАШИОТ ЛИК?ВАШИОТ ЛИК,ВАШИОТ ЛИК?
НЕСРЕЌЕН...

Бадминтонс(1985)

## ВО МОЈОТ ГРАД

Големиот натпис "ДОБРОДОЈДЕ"
на влезот од мојот град
е само лажна парола
напишана од некој гад
Моето гето е скриено
зад големите згради
затоа што на странските делегации
од него им се гади
Маглата и густиот смог
се длабоко во вас
во овој голем гроб
има место за сите нас
ВО МОЈОТ ГРАД,се е тажно
ВО МОЈОТ ГРАД,се е лажно
ВО МОЈОТ ГРАД,се е квази
ВО МОЈОТ ГРАД,секој те гази

ТК.СК.

ТК.СК.

Заборави дека си роден
сети се,мораш да умреш
затоа побрзај
заеби ја просечноста

## ЕЈ,ЗНАЕТЕ ЛИ?

Создадовте деца кои дивеат
еј,знајте бргу ќе изгорат
себични сте дебели родители
исправете си ја грешката

Ги учите да гласаат
да лажат и убиваат
еј,знајте личат на вас
исто се облекуваат
Знаете ли за среќа
чесност и љубов
еј,знаете ли
да се ракувате?
Слушате ли , ве молат
крвари вашата гордост
крвавите шприцови болат
еј,знаете ли дека убивате

ТК.СК.

## "НОРМАЛЕН" ЖИВОТ

Врабoти сѐ каде било
ожени се како било
спреми се за робување
кон системот служење
И децата спреми ги
за робување
вештачко смеење
мижење,гласање
лицемерно живуркање
Слепо верувај
ништо не прашувај
гледај ја слободата
како утопија
Грбови и знамиња
наместо вистина
стравот и покорноста
се твојата иднина

ТК.СК.

КРИТИЧНА МАСА.......ПРИРАЧНИК ЗА ПОЧЕТНИЦИ

За што се работи?Критичната маса се организира случајнокога одреден број(луѓе) велосипедисти во група се возат низ градот без некоја однапред одредена траекторија или пак некои формални подготовки. Едноставно се возат со пријателска и опуштена атмосфера,а кога ќе им здосади едноставно си одат дома.Идејата е да се преплават улиците со велосипедисти така што другите возила нема да може да поминат.На тој начин возилата станувaат тивки , сигурно и со помалку извори на загадување.Зарем тоа не е погодна промена? Попат се воспоставува и контакт со пешаците,останатите велосипедисти и возачите.Се делат летоци,се објаснува што се случува.За сите велосипедисти,критичната маса е потполна променаво однос на секојдневното возење,во која се е подредено на преживувањето. Нема ескивирање и брзо возење за да се избегне несреќата. Критичната маса е идеална прилика да се сретнеш со пријателите како и да запознаеш нови пријатели.Таа укажува колку на нашите улици доминираат моторните возила,затоа што ги исклучува од сообраќајот на неколку минути додека не помине колоната. Критичната маса ни овозможува да видиме како би ни изгледал животот кога би граделе градови подредени на човекот,а не на автомобилите.Тоа ни е шанса да го подигнеме возењето на велосипеди на повисоко ниво и на најпрактичен начин да докажеме дека велосипедот е најидеален облик на урбаниот транспорт. Директно се загрозува "културата на автомобилот"која стоиосамена наспроти бескрајните можности на еколошки превоз.Било која причина од горе наведените да ја изберете за своја, ќе видите дека учествувањето во критичната маса е забавно,ослободувачко и инспиративно искуство. КОЈ Е ВОДАЧ?Никој односно секој кој ќе успее да ги увери другите да го следат во возењето.КОЈ УЧЕСТВУВА?Било кој.Сите.Ти.Не треба да бидеш голем еколошки активист или автомобиломрзец.Ти треба отворен ум и волја да пробаш нешто ново.Добро,велосипедот би ти помогнал да се вклопиш подобро.Детаљи,детаљи...ДА СЕ БЛОКИРА СООБРАЌАЈОТ?! Не,не е тоа за мене!Не е поентата да го блокираме сообраќајот-тоа го прават сите колони.Меѓутоа,само погледни околу себе,моторизираните возила ги блокираат нашите улици секој ден.Во критичната масана таа збрка само неколку саати и се приклучува и група на велосипедисти тоа е се.Додуша некои на тоа гледаат како на радикална закана на начинот на кој е организирано нашето општество.Ако не знаеш да подржуваш такви акции-дојди и увери се !Нема да учествуваш ако не сакаш,никој нема да те вовлече во сето ова!!!Суштински,нема ни потреба зошто тоа е маса на потполно обични луѓе со јасна визија.За неколку минути возење,на сите се ќе им биде јасно.Критичната маса е оној тип на случувања во кои што едноставно мораш да учествуваш за да разбереш колку се добри.НЕКОЛКУ ЕДНОСТАВНИ ПРАВИЛА ЗА КРИТИЧНАТА МАСА ДА БИДЕ ШТО Е МОЖНО ПОДОБРА. Опашката на колоната го следипочетокот.



Користете се со масата,а не со тенката линија за да ја блокирате улицата.Ако,на пример,велосипедистите од почетокот возат преспоро и се обидуваат во линија да го блокираат прометот,тоа отвора дупки во масата и нервозните возачи се обидуваат да ја пробијат гледајќи пред себе отворен пат.Држете се збиено и заедно,немојте да дозволите масата да ви побегне.Долгите возења ќе се растурат .Тоа доаѓа поради полицијата или комплицираната гужва.Ако се растури масата немојте да се грижите.Треба да се регрупирате,а во тој случај предниот дел нека почека настрана,нека ги пропушти возилата кои се во средината.Глупаво е само да застанете и потполно да го блокирате сообраќајот,зошто во тој случај заостанатата група нема да може да помине.Плоштадите и кружните текови се многу погодни за регрупирање.Немојте без потреба да го блокирате сообраќајот,тоа нема смисла и многу ретко се покажува како корисна тактика,а често води во конфликт со возачите.Почетокот на колоната е одговорен за насоката на возењето!!!Ако се наоѓате на почетокот тогаш вие го одредувате правецот,меѓусебно дискутирате за можните насокии СЕКОГАШ ЗНАЈТЕ КАДЕ ОДИТЕ!Немојте да возите пребрзо. Бидете свесни со која брзина се движи масата зад вас ,и колку е диспензирана.



Ако дојде до диспензирање застанете на семафор додека масата не се згусне.Немој да глумиш херој.Соло обид за блокирање на раскрсница може да резултира со апсење или несреќи,или прво со несреќа а потоа со апсење.Немој да бидеш вербално насилен/на.Критичната маса е мирољубив настан на кој треба добро да се забавуваме.Користи го ЗДРАВИОТ РАЗУМ.Ако некој предложи да се оди на автопат,СМЕЕШ(?заб.В.) да помислиш"хм,можеби тоа не е најдобра идеја$$"Времето на камикази помина.ПОЛИЦИЈА.Соработувајте со полицијата(ха,ха..заб.В.)Слушајте се што ќе ви каже.(хм...?заб.В.)Додека ги почитувате сообраќајните прописи не се издвојувајте од групата за да го спречувате сообраќајот или да ги разлутите возачите,нема да имате проблеми со полицијата. Во некои случаи ќе треба да ги игнорирате сообраќајните знациза да не ја растроите масата,но тоа ќе ви биде јасно од ситуација во ситуација.Битно е меѓусебно да соработувате.Ако полицијата блокира некоја посебна улица,немојте веднаш да помислите дека практикува државен фашизам.Можеби постои добра причина за тоа,понекогаш едноставно мора да делуваат и затоа може да дојде до недоразбирање.Сетете се дека полицијата не може да разговара со одговорната личност,затоа што таа не постои.Како и да е,постојат многу улици по кои можете да се возите. Не е паметно да се расправате со полицијата,освен ако сте љубител на затворска храна...

## КРИТИЧНАТА МАСА И МОТОРИЗИРАНИТЕ ВОЗИЛА

Невозможно е потполно да ги исклучите возилата од масата.Заради тоа многу е важно сите учесници да бидат свесни на сообраќајните состојби. Моторните возила ќе се обидуваат да се пробијат низ критичната маса, посебно на кривините.Тие проблеми можат да се избегнат со блокирање на раскрсницата со доволно велосипедисти,но тоа не е легално... разговарајте со возачите.Понекогаш сталожените зборови прават чуда. Особено со возачите кои заглавиле во масата,или кои чекаат таа да помине.Освен тоа,разговорот прави атмосфера и го крши мразот.Бидете свесни на својот тон и делувајте смирено.Основниот принцип е да ја користите масата.Ако возачот пред себе гледа празна улица,ќе гледа да се пробие.Ако пред себе гледа група велосипедисти,ќе се откаже. Помагајте им на возачите.Сериозно!НЕ,НАВИСТИНА...ако постои некој едноставен начин некои/е заглавено возило да го пуштите надвор НАПРАВЕТЕ ГО ТОА.Подобро тоа отколкуда ја загрозите целата маса. Освен тоа не е целта да се малтретираат одредени возачи.Масата сама по себе доволно ги збунува.Бидете спремни да ја делите улицата со возачите,ако е тоа потребно.Понекогаш може да дојде до караници и незгоди,тоа се случува затоа што критичната маса е полна со емоции. Нејзината порака погодува точно во душата на начинот на кој што живееме и некои тоа едноставно не можат да го поднесат.Возачите можат да се вознемират и збунат,и да удрат некој велосипедист. Тоа може да се случи намерно или случајно.Имајте на ум дека тоа е многу ретко и дека тоа се случува при мали брзини.Во најлош случај може да дојде до оштетување на велосипедот таквите проблеми се решаваат со краток разговор помеѓу вмешаните.Ако егото не ви е изразено нема да има проблеми.Ако вртите лево-десно пред некој од нивго/ја спречувате да вози по отворена улица,големи се шансите дека ќе го/ја налутите.Луѓето не се рационални,посебно кога управуваат со еден тон метал.Тажно,но вистинито.Не е многу тешко да се избегнат проблемите.Треба само да се биде свесен на својата околина и да се однесува одговорно спрема неа! ОПУШТИ СЕ И УЖИВАЈ ВО КРИТИЧНАТА МАСА!   ВЕЛОСИПЕДИТЕ СЕ:ДОБРО ЗДРАВЈЕ! ЧИСТА СРЕДИНА,ЗАБАВА И ЗАДОВОЛСТВО!ВОЗЕТЕ ВЕЛОСИПЕДИ А НЕ АВТОМОБИЛИ. ПОМИСЛЕТЕ НА ИДНИНАТА...

(ПРЕПИС ОД ИСТОИМЕНИОТ ПАМФЛЕТ)

Revolt Tapes # 4
split live tape
ABUSO
brutal hc/crust from Brazil
&
DISCLASS
crustpunk raging from Macedonia
available for $3 Europe, $4 World (ppd) or trade
from: Stefan Simonovski, 4 Juli 4-1/2, 91060 Skopje
Macedonia/Europe

REVOLT TAPES #2: IF YOU WANT TO CHANGE THE WORLD YOU HAVE TO SEE IT HOW IT IS ... WITHOUT ILLUSIONS
INTERNATIONAL COMP. TAPE C60 + BOOKLET
HC PUNK GRIND
UUTUUS,HINFAMY,DEBELI SAMURAJ,AGATHOCLES,CRIPPLE BASTARDS,MAYA, BWF,TIME TO THINK,HOCU?NECU!,FLAGRANTS D'ELI, VOMIT ASBREGIIE BALON,REBEL WIHOUT A PAUSSE,DRAJTSPONARJI
Price: 3$ Europe/4$ World ppd.
Trades welcome! No rip off!!
D.I.Y.
STEFAN SIMONOVSKI
UL. 4 JULI 4-1/2
91000 SKOPJE
MACEDONIA/EUROPE
write for distro list!
Wanted bands for forthcoming comp. tapes.
Distributors please get in touch.



M.F.T. 02
I'M A MAN
INT.COMP.TAPE C90 + BOOKLET
SCUM OF SOCIETY, SMUDOS, TERMINUS, WHEN MIND REFLECTS, GROINCHURN, ANTICIPATE, SCHIZMA, ASIDE, DISARM, DEPRESSOR, BEYOND DESCRIPTION, PATHOLOGY STENCH, DISORDER, NEW YORK AGAINST BELZEBU, B.DAMAGE, PIZDA MATERNA, CRUNCH, PICHISMO, DOWN FOR THE COUNT, INVAZIJA, I.R.S. DISSECTED HUMAN BRAINS & R.E.O.
Gjuroski Vasil
bul. Avnoj 88-1/5
91000 Skopje
Macedonia /Europe
PRICE:
4$ PPD EURORE
5$ PPD WORLD
NO RIP OFF !!
WRITE FOR DISTRO LIST
TRADES WELCOME!!
D.I.Y.
WANTED BANDS FOR FORTHCOMING COMP. TAPES

IT`S JUST A BEGINNING
COMP. TAPE
*Featuring bands from Serbia, Macedonia & Croatia :*
SHMRTZ TEATAR,AGITATOR, TANK WARNING NET,ALAN FORD,APATRIDI,ACROHOLIA, KAKOFONIJA,UNUTRASNJI BUNT,B.DAMAGE,VERBALNI DELIKT,DISFIGURED & THE SHIZOID WIKLER`S
Price: 3$ Europe/4$ world ppd
But we prefer trade than shit money
Stefan Simonovski
Ul. 4 Juli 4-1/2
91000 Skopje
Macedonia/Europe
D.I.Y. AS FUCK!!
WANTED BANDS FOR NEXT CD




...А СЕ МОЖЕШЕ
ДА БИДЕ
ТАКА
УБАВО!
АВ АВ!
ТИРУ РИРУ!
ПОЛИЦИЈА

"КАКА"
ZINE & TAPES
"ARSO MICKOV" 23
91 000 SKOPJE
MACEDONIA, EUROPE
IC.SK.TK.SK.

...Немаше постојаност и истрајност.Секогаш оние што беа добри беа отфрлани,исмејувани,прогласувани за лудаци,мистици...или пак и тие влегуваа во "машината".Соработката секогаш беше сведувана на корист.Уметноста беше во рацете на неуметниците,интелектуалците без интелект,квази бунтовниците,искомплексираните старци,мамините синови и ќерки.Затоа дете не се грижи за реакциите од ."машината". Размисли!Кој ги одредува критериумите?Подготви го својот грб за отровните стрели.Стани имун!Научи што е "КАКА",а што не е!Незнам како.Да знаев немаше да ти го зборувам ова,туку ќе бев пример за тебе и за сите "вистински"!Сепак пробај!Никако поинаку нема да ДОЗНАЕШ!!! ТК.СК. ТК.СК. ТК.СК. ТК.ск. тк.СК. Тк.Ск. тК.сК.

"КАКА"
фанзин и снимки
"Арсо Мицков" 23
91 000 Скопје
091/332-645(Васко



НАМЕСТО КРАЈ. "ФРЛЕТЕ ГИ" од Чарлс Буковски

ФРЛЕТЕ ГИ ТИЕ БОМБИ СИТ СУМ ОД ЧЕКАЊЕ
ГИ ОСТАВИВ СВОИТЕ ИГРАЧКИ
ГИ СКЛОПИВ АВТО-КАРТИТЕ
ЈА ОТКАЖАВ ПРЕТПЛАТАТА НА ТАЈМС
МУ КАЖАВ ЗБОГУМ НА ДИЗНИЛЕНД
ИМ ГИ ИЗВАДИВ ОГРЛИЦИТЕ НА МАЧКИТЕ
ГО ИСКЛУЧИВ ТЕЛЕВИЗОРОТ
НЕ СОНУВАМ ПОВЕЌЕ ЗА РОЗЕВИТЕ ФЛАМИНГОСИ
НЕ ЈА ПРОВЕРУВАМ ВЕЌЕ БЕРЗАТА
ФРЛЕТЕ ГИ НЕКА ПУКНАТ СИТ СУМ ОД ЧЕКАЊЕ
НЕ ГО САКАМ ТОЈ ВИД НА УЦЕНА
НЕ САКАМ КОГА ДРЖАВИТЕ СИ ПОИГРУВААТ
СО МОЈОТ ЖИВОТ
ИЛИ СЕРИ ИЛИ ТРГНИ СЕ ОД НОКШИРОТ
СИТ СУМ ОД ЧЕКАЊЕ
НЕКА ПУКНАТ БОМБИТЕ
ВИЕ ЕФТИНИ МРСУЛАВИ КУКАВИЧКИ НАЦИИ
ВИЕ МАЛОУМНИ ГИГАНТИ
ФРЛЕТЕ ГИ
ФРЛАЈТЕ
ФРЛАЈТЕ
И БЕГАЈТЕ НА ВАШИТЕ ПЛАНЕТИ
И ВСЕЛЕНСКИ СТАНИЦИ
ДА ПОСЕРЕТЕ И ГОРЕ
СЕ ШТО ИМА.

акакакакакакакакакакакакакак

АКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАКАК